# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 139 Год. LXIV Вторник, 4 ноември 2008 Цена на овој број е 250 денари

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

## СОДРЖИНА

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2746. | **Закон** за изменување и дополнување на Кривичниот законик........................ | 2 |
| 2747. | **Закон** за издавање на вредносни бонови – ваучери.................................. | 4 |
| 2748. | **Закон** за дополнување на Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство.......................... | 7 |
| 2749. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за берзи на земјоделско-прехранбени производи....................... | 8 |
| 2750. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести................................ | 10 |
| 2751. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за санитарната и здравствената инспекција................................ | 11 |
| 2752. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за условите за земање, разменување, пренесување и пресадување делови од човечкото тело заради лекување............................................... | 12 |
| 2753. | **Одлука** за именување на претседател и членови на Државната комисија за жалби по јавните набавки.................... | 13 |
| 2754. | **Одлука** за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија................ | 13 |
| 2755. | **Резолуција** за изнаоѓање на стратегија за наметнатиот спор од страна на Република Грција за нашето уставно име......................................................... | 14 |
| 2756. | **Указ** за отповикување пратеник на Република Македонија за разговорите помеѓу Република Македонија и Република Грција за надминување на разликата околу името под покровителство на Обединетите нации............ | 14 |
| 2757. | **Одлука** за престанок и давање на користење на недвижна ствар на Дирекцијата за заштита и спасување............ | 15 |
| 2758. | **Одлука** за зголемување на основната главнина на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје..................................... | 15 |
| 2759. | **Одлука** за престанок и давање на времено користење на недвижни ствари–леталишта од Агенцијата за цивилно воздухопловство на единиците на локалната самоуправа.............................. | 15 |
| 2760. | **Одлука** за давање на користење на недвижни ствари на општинската установа „Музеј на град Кратово“ од Кратово................................................. | 16 |
| 2761. | **Одлука** за започнување на постапка за доделување на концесија за финансирање, проектирање, изградба, управување и одржување на патиштата со наплата на патарина на дел од патната мрежа во Република Македонија..... | 16 |
| 2762. | **Одлука** за престанок и за давање на користење на недвижна ствар на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип….. | 17 |
| 2763. | **Одлука** за дополнување на Одлуката за основање на Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија…………………… | 17 |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2764. | **Одлука** за висината на надоместокот за поставување на натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државен пат, приклучување на пристапен пат на државен пат, поставување на инсталации во трупот на патот и патниот појас на државен пат, изградба и користење на комерцијални објекти на кој е дозволен пристап на јавен пат надвор од населено место, за прекумерно користење на државен пат, за вонреден превоз и за штета на државен пат и на објектите на патот….. | 18 |
| 2765. | **Изменување на Лиценца** под бр. 19-5319/1 од 04-09-2007 година, издадена на Друштвото за трговија и услуги „Фламинго“ ДОО Скопје за постојано приредување на посебни игри на среќа во автомат клубот што се наоѓа на ул. „Даме Груев“ бр. 4/7 во Скопје….. | 23 |
| 2766. | **Статут** на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловната навигација……………….. | 23 |
| 2767. | **Објава** од Министерство за надворешни работи...................................... | 28 |
| 2768. | **Правилник** за формата и содржината на службената легитимација и формата на значката на Управата за финансиска полиција и начинот на нејзиното користење……………………….. | 28 |
| 2769. | **Правилник** за здравствените критериуми што задолжително треба да ги исполнуваат кандидатите за возачи на моторни возила…………………… | 30 |
| 2770. | **Правилник** за начинот на вршење на здравствениот преглед на возачите на моторни возила, критериумите во однос на кадарот и опремата за вршење на здравствениот преглед, како и за начинот и постапката за издавање на уверение за здравствена и психофизичка способност за управување со моторно возило……………………….. | 34 |
| 2771. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за сметковниот план за банките............................................. | 38 |
| 2772. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за издавање согласности......................................................... | 47 |
| 2773. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за издавање дозволи на банка................................................ | 48 |
| 2774. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за начинот и условите за отворање и водење на сметки на нерезиденти.......................................... | 48 |
| 2775. | **Одлука** за референтна каматна стапка за пресметување на стапката на казнена камата...................................... | 48 |
| 2776. | **Одлука** за пуштање во оптек ковани пари во апоени од 10 и 50 денари........ | 49 |
| 2777. | **Одлука** за издавање банкноти во апоени од 100, 500 и 1000 денари............. | 49 |
| 2778. | **Исправка** на Одлуката за измени и дополнувања на Одлуката за начинот и условите за отворање и водење на сметки на нерезиденти......................... | 49 |
| 2779. | **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за организацијата, составот и начинот на работа на Комисијата за оцена на работната способност........................................... | 50 |
| 2780. | **Решение** од Комисијата за заштита на конкуренцијата................................ | 50 |
| 2781. | **Решение** од Комисијата за заштита на конкуренцијата................................ | 50 |
| 2782. | **Решение** од Комисијата за заштита на конкуренцијата................................ | 51 |
| 2783. | **Решение** од Комисијата за заштита на конкуренцијата................................ | 51 |
| 2784. | **Решение** од Комисијата за заштита на конкуренцијата................................ | 51 |
| | **Огласен дел**.......................................... | 1-76 |


## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2746.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

### У К А З
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 31 октомври 2008 година.

Бр. 07-4791/1
31 октомври 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

### З А К О Н
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК

Член 1

Во Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија” бр. 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 60/2006, 73/2006 и 7/2008), во членот 187 став (1) зборовите: "од три месеци до пет години" се заменуваат со зборовите: "најмалку осум години".

Во ставот (2) зборовите: "најмалку три години" се заменуваат со зборовите: "најмалку десет години или со доживотен затвор".

Во ставот (3) зборовите: "три месеци до три години" се заменуваат со зборовите: "три години до пет години", а зборовите: "една година до десет години" се заменуваат со зборовите: "три години до десет години".

Член 2

Во членот 188 став (1) зборовите: "најмалку четири години" се заменуваат со зборовите: "најмалку осум години".

Во ставот (2) зборовите: „најмалку осум години„ се заменуваат со зборовите: „најмалку десет години."

Член 3

Во членот 189 став (1) зборовите: "од три месеци до три години" се заменуваат со зборовите: "најмалку пет години".

Во ставот (2) зборовите: "од една до пет години" се заменуваат со зборовите: "најмалку десет години".

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

"(3) Со казната затвор судот ќе изрече и казна од членот 33 став (6)."

Член 4

Во членот 190 став (2) зборовите: "парична казна или со затвор до три години" се заменуваат со зборовите: "затвор од три до пет години".

Член 5

Во членот 191 став (1) зборовите: "една до пет години" се заменуваат со зборовите: "пет до десет години".

Во ставот (2) зборовите: "парична казна или со затвор до една година" се заменуваат со зборовите: "затвор од три до пет години".

Во ставот (3) зборовите: "од три до пет години" се заменуваат со зборовите: "најмалку осум години".

Во ставот (4) зборовите: "од три до десет години" се заменуваат со зборовите: "најмалку десет години".

По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

"(5) Недвижностите искористени и предметите употребени за извршување на делото, се одземаат."

Член 6

Во членот 192 став (1) зборовите: "од три месеци до пет години" се заменуваат со зборовите: "најмалку осум години".

Во ставот (2) зборовите: "од три месеци до три години" се заменуваат со зборовите: "најмалку пет години".

Член 7

Во членот 194 став (1) зборовите: "три месеци до три години" се заменуваат со зборовите: "пет до десет години".

Ставот (2) се менува и гласи:

"Ако делото од ставот (1) е сторено со малолетник кој не наполнил 14 години, сторителот ќе се казни со затвор најмалку десет години."

Член 8

Во членот 200 зборовите: "три месеци до три години" се заменуваат со зборовите: "три години до пет години".

Член 9

Во членот 201 став (1) зборовите: "од три месеци до три години" се заменуваат со зборовите: "најмалку пет години".

Во ставот (3) зборовите: "од три месеци до пет години" се заменуваат со зборовите: "најмалку десет години".

Член 10

Во членот 203 став (2) зборовите: "од една до пет години" се заменуваат со зборовите: "најмалку пет години".

Член 11

Во членот 227 став (1) зборовите: "од една до десет години" се заменуваат со зборовите: "најмалку осум години".

Во ставот (3) зборовите: "најмалку три години" се заменуваат со зборовите: "најмалку десет години".

Во ставот (4) зборовите: "парична казна или со затвор до три години" се заменуваат со зборовите: "затвор од три до пет години".

Член 12

Во членот 237 став (1) зборовите: "најмалку една година" се заменуваат со зборовите: "најмалку пет години".

Во ставот (2) зборовите: "најмалку четири години" се заменуваат со зборовите: "најмалку осум години".

Во ставот (3) зборовите: "најмалку пет години" се заменуваат со зборовите: "најмалку десет години".

Член 13

Во членот 238 став (1) зборовите: "најмалку една година" се заменуваат со зборовите: "најмалку пет години".

Во ставот (2) зборовите: "најмалку четири години" се заменуваат со зборовите: "најмалку осум години".

Во ставот (3) зборовите: "најмалку пет години" се заменуваат со зборовите: "најмалку десет години".

Член 14

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

## L I G J
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E KODIT PENAL

Neni 1

Në Kodin penal (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 60/2006, 73/2006 dhe 7/2008), në nenin 187 në paragrafin (1) fjalët: “prej tre muajve deri në pesë vjet” zëvendësohen me fjalët: “së paku tetë vjet”.

Në paragrafin (2) fjalët: “së paku tri vjet” zëvendësohen me fjalët: “së paku dhjetë vjet ose me burg të përjetshëm”.

Në paragrafin (3) fjalët: “tre muaj deri në tri vjet” zëvendësohen me fjalët: “tri vjet deri në pesë vjet”, ndërsa fjalët: “një vit deri në dhjetë vjet”, me fjalët: “tri vjet deri në dhjetë vjet”.

Neni 2

Në nenin 188 në paragrafin (1) fjalët: “së paku katër vjet” zëvendësohen me fjalët “së paku tetë vjet”.

Në paragrafin (2) fjalët: “së paku tetë vjet” zëvendësohen me fjalët: “së paku dhjetë vjet”.

Neni 3

Në nenin 189 në paragrafin (1) fjalët: “prej tre muajve deri në tri vjet” zëvendësohen me fjalët: “së paku pesë vjet”.

Në paragrafin (2) fjalët: “prej një deri në pesë vjet” zëvendësohen me fjalët: “së paku dhjetë vjet”.

Pas paragrafit (2) shtohet paragraf i ri (3) si vijon:

“(3) Me dënim me burg gjykata do të shqiptojë dënim nga neni 33 paragrafi (6)."

Neni 4

Në nenin 190 në paragrafin (2) fjalët: “dënim me para ose me burg deri në tri vjet” zëvendësohen me fjalët: “burg prej tre deri në pesë vjet”.

Neni 5

Në nenin 191 në paragrafin (1) fjalët: "një deri në pesë vjet" zëvendësohen me fjalët: "pesë deri në dhjetë vjet".

Në paragrafin (2) fjalët: "dënim me para ose me burg deri në një vit" zëvendësohen me fjalët: "burg prej tre deri në pesë vjet".

Në paragrafin (3) fjalët: "prej tre deri në pesë vjet" zëvendësohen me fjalët: "së paku tetë vjet".

Në paragrafin (4) fjalët: "prej tri deri në dhjetë vjet" zëvendësohen me fjalët: "së paku dhjetë vjet".

Pas paragrafit (4) shtohet paragraf i ri (5) si vijon:

"(5) Patundshmëritë e shfrytëzuara dhe sendet e përdorura për kryerjen e veprës, merren".

Neni 6

Në nenin 192 në paragrafin (1) fjalët: "prej tre muajve deri në pesë vjet" zëvendësohen me fjalët "së paku tetë vjet".

Në paragrafin (2) fjalët: "prej tre muajve deri në tri vjet" zëvendësohen me fjalët: "së paku pesë vjet".

Neni 7

Në nenin 194 në paragrafin (1) fjalët: "tre muaj deri në tri vjet" zëvendësohen me fjalët: "pesë deri në dhjetë vjet".

Paragrafi (2) ndryshon si vijon:

Nëse vepra nga paragrafi (1) është kryer me të mitur i cili nuk ka mbushur 14 vjet, kryerësi do të dënohet së paku me dhjetë vjet burg".

Neni 8

Në nenin 200 fjalët: "tre muaj deri në tri vjet" zëvendësohen me fjalët: "tri vjet deri në pesë vjet".

Neni 9

Në nenin 201 në paragrafin (1) fjalët: "prej tre muajve deri në tri vjet" zëvendësohen me fjalët: "së paku pesë vjet".

Në paragrafin (3) fjalët: "prej tre muajve deri në pesë vjet" zëvendësohen me fjalët: "së paku dhjetë vjet".

Neni 10

Në nenin 203 në paragrafin (2) fjalët: "prej një deri në pesë vjet" zëvendësohen me fjalët: "së paku pesë vjet".

Neni 11

Në nenin 227 në paragrafin (1) fjalët: "prej një deri në dhjetë vjet" zëvendësohen me fjalët: "së paku tetë vjet".

Në paragrafin (3) fjalët: "së paku tri vjet" zëvendësohen me fjalët: "së paku dhjetë vjet".

Në paragrafin (4) fjalët: "dënim me para ose me burg deri në tri vjet" zëvendësohen me fjalët: "burg prej tri deri në pesë vjet".

Neni 12

Në nenin 237 në paragrafin (1) fjalët: "së paku një vit" zëvendësohen me fjalët: "së paku pesë vjet".

Në paragrafin (2) fjalët: "së paku katër vjet" zëvendësohen me fjalët: "së paku tetë vjet".

Në paragrafin (3) fjalët: "së paku pesë vjet" zëvendësohen me fjalët: "së paku dhjetë vjet".

Neni 13

Në nenin 238 në paragrafin (1) fjalët: "së paku një vit" zëvendësohen me fjalët: "së paku pesë vjet".

Në paragrafin (2) fjalët: "së paku katër vjet" zëvendësohen me fjalët: "së paku tetë vjet".

Në paragrafin (3) fjalët: "së paku pesë vjet" zëvendësohen me fjalët: "së paku dhjetë vjet".

Neni 14

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**2747.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ВРЕДНОСНИ БОНОВИ - ВАУЧЕРИ

Се прогласува Законот за издавање на вредносни бонови - ваучери,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 31 октомври 2008 година.

Бр. 07-4792/1
31 октомври 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ВРЕДНОСНИ БОНОВИ - ВАУЧЕРИ

Член 1

Со овој закон се уредува издавањето на вредносни бонови - ваучери за набавување на компјутери за потребите на редовните студенти државјани на Република Македонија кои за прв пат се запишани во завршната година на студии во учебната 2008/2009 година на високообразовните установи во Република Македонија и за студентите кои се евидентирани како лица со посебни потреби.

Член 2

Редовни студенти за прв пат запишани во завршната година на студии во учебната 2008/2009 година на високообразовните установи во Република Македонија, во смисла на овој закон, се редовните студенти државјани на Република Македонија запишани на високообразовните установи до 15 ноември 2008 година.

Студенти кои се евидентирани како лица со посебни потреби се сите ново запишани студенти во учебната 2008/2009 година и сите студенти евидентирани како лица со посебни потреби кои не го оствариле правото на ваучер согласно со Законот за издавање на вредносни бонови - ваучери („Службен весник на Република Македонија" број 124/2007 и 140/2007).

Член 3

Ваучерите се издаваат во номинална вредност од 15.500 денари.

Член 4

Средствата за издавање на ваучерите се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија за 2008 година.

Член 5

Ваучерите се издаваат во материјализирана форма и гласат на доносител.

Член 6

Дизајнот и печатењето на ваучерите согласно со Законот за јавни набавки го врши Министерството за финансии.

Министерството за финансии води евиденција за издадените ваучери, врши доставување на ваучерите до високообразовните установи и ја спроведува постапката по издадените ваучери.

Член 7

За евиденција и идентификација на корисникот на ваучерот, Министерството за информатичко општество обезбедува веб апликација согласно со Законот за јавни набавки.

Член 8

Ваучерите се со еднократна употреба и се употребуваат како учество за купување на компјутери со минимум перформанси: Pentium 4, Celeron или AMD Athlon processor, RAM 1GB и задолжително присуство на мрежна картица.

Ваучерите се употребуваат за купување на компјутерите од ставот 1 на овој член од субјекти (трговски друштва и трговци поединци) кои се регистрирани за дејности поврзани со трговија, одржување и поправка на компјутери.

Член 9

Исплатата по издадените ваучери се врши од страна на Министерството за информатичко општество.

Исплатата на средствата на субјектите од членот 8 на овој закон се врши врз основа на доставените искористени ваучери, копија од фискална сметка и копија од договорот за купопродажба на компјутер кој ги содржи перформансите на продадениот компјутер.

Член 10

При приемот на ваучерите, субјектите од членот 8 на овој закон се должни за идентификација на корисникот на ваучерот да ја користат веб апликацијата од членот 7 на овој закон, за што Министерството за информатичко општество е должно да им обезбеди пристап.

Субјектите се должни за секој примен ваучер да водат евиденција во која се наведуваат името и презимето на студентот, бројот на индексот, бројот на личната карта или патната исправа, серискиот број на ваучерот и да има личен потпис на студентот врз основа на пополнет формулар и изјава за купување на компјутер со ваучер, со кој изјавува дека го предал ваучерот со наведениот сериски број.

Образецот на формуларот со изјавата од ставот 2 на овој член го пропишува министерот за информатичко општество.

Член 11

Ваучерите можат да се користат за купување на компјутери најдоцна до 15 декември 2008 година.

Субјектите од членот 8 на овој закон можат да ги доставаат ваучерите за наплата до Министерството за информатичко општество најдоцна до 22 декември 2008 година и да извршат наплата на ваучерите најдоцна до 26 декември 2008 година.

Член 12

Распределбата на ваучери по високообразовните установи ја врши Министерството за финансии врз основа на изготвена листа од Министерството за образование и наука за бројот на запишани редовни студенти за првпат во завршната студиска година во учебната 2008/2009 година на високообразовните установи во Република Македонија.

Во случај распределениот износ на бројот на ваучери на високообразовните установи да не биде целосно искористен, високообразовната установа е должна записнички ваучерите да ги врати во Министерството за финансии.

Министерството за финансии е должно да ја извести Владата на Република Македонија во рок од три дена од извршената распределба на ваучерите за бројот на ваучерите што се распределени по одделни високообразовни установи.

Член 13

Студентот при подигање на ваучерот во високообразовната установа е должен да пополни формулар со изјава за прием на ваучер за купување на компјутер во кој го наведува своето име и презиме, бројот на личната карта или патната исправа, бројот на индексот и серискиот број на ваучерот кој го добил.

Одговорното лице за дистрибуција на ваучерите во високообразовната установа е должно бројот на личната карта, односно патната исправа на студентот да го впише на ваучерот на место определено за тоа, пред да го предаде ваучерот на студентот.

Одговорното лице за дистрибуција на ваучерите во високообразовната установа, пред да го издаде ваучерот, е должно да ги внесе податоците од ставот 2 на овој член во веб апликацијата од членот 7 на овој закон.

Образецот на формуларот со изјавата од ставот 1 на овој член го пропишува министерот за информатичко општество.

Член 14

Високообразовните установи се должни во рок од 15 дена од денот на приемот на ваучерите, да достават извештај за бројот на распределени ваучери на студенти до Министерството за финансии.

Извештајот од ставот 1 на овој член се доставува и до Министерството за образование и наука и до Министерството за информатичко општество.

Член 15

При примопредавањето на ваучерите меѓу институцијата која ги печатела и Министерството за финансии, меѓу Министерство за финансии и високообразовната установа, како и универзитет, универзитетската управа и факултет задолжително се води записник за примопредавањето кој мора да биде потпишан од најмалку по три одговорни лица од субјектите меѓу кои се врши примопредавањето на ваучерите.

Член 16

Неискористените ваучери издадени согласно со овој закон, Министерството за финансии и Министерството за внатрешни работи ги поништуваат комисиски најдоцна до 10 јануари 2009 година.

Член 17

Министерот за финансии донесува упатство за спроведување на овој закон.

Член 18

Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон и наменското користење на ваучерите вршат Министерството за образование и наука - Државниот просветен инспекторат и Министерството за економија - Државниот пазарен инспекторат.

Член 19

Се задолжува Министерството за финансии да достави целосен извештај за реализација на овој закон до Собранието на Република Македонија, заклучно до 31 јануари 2009 година.

Член 20

Секој кој ќе го злоупотреби ваучерот издаден согласно со овој закон или ќе го фалсификува ќе одговара за сторено кривично дело согласно со Кривичниот законик.

Член 21

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а се применува до 31 декември 2008 година.

---

## L I G J
## PËR EMETIMIN E KUPONËVE ME VLERË - VAUÇERËVE

Neni 1

Me këtë ligj rregullohet emetimi i kuponëve me vlerë - vauçerëve, për blerjen e kompjuterëve për nevojat e studentëve të rregullt, shtetas të Republikës së Maqedonisë, të cilët për herë të parë janë regjistruar në vitin përfundimtar të studimeve në vitin shkollor 2008/2009, në institucionet e larta arsimore në Republikën e Maqedonisë dhe për studentët të cilët janë të evidentuar si persona me nevoja të veçanta.

Neni 2

Studentë të rregullt të regjistruar për herë të parë në vitin përfundimtar të studimeve në vitin shkollor 2008/2009 në institucionet e larta arsimore në Republikën e Maqedonisë në kuptimin e këtij ligji, janë studentët e rregullt shtetas të Republikës së Maqedonisë të regjistruar në institucionet e larta arsimore deri më 15 nëntor 2008.

Studentë të cilët janë të evidentuar si persona me nevoja të veçanta janë të gjithë studentët e rinj të regjistruar në vitin shkollor 2008/2009 dhe të gjithë studentët e evidentuar si persona me nevoja të veçanta, të cilët nuk e kanë realizuar të drejtën për vauçerë në pajtim me Ligjin për emetimin e kuponëve me vlerë - vauçerëve ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 124/2007 dhe 140/2007).

Neni 3

Vauçerët emetohen në vlerë nominale prej 15.500 denarë.

Neni 4

Mjetet për emetimin e vauçerëve, sigurohen nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë për vitin 2008.

Neni 5

Vauçerët emetohen në formë të materializuar, dhe janë në emër të prurësit.

Neni 6

Dizajnin dhe botimin e vauçerëve në pajtim me Ligjin për furnizime publike, e bën Ministria e Financave.

Ministria e Financave mban evidencë për vauçerët e emetuar, bën dërgimin e vauçerëve në institucionet e larta arsimore, dhe zbaton procedurën për vauçerët e emetuar.

Neni 7

Për evidencë dhe identifikim të shfrytëzuesit të vauçerit, Ministria e Shoqërisë Informatike siguron ueb aplikacion në pajtim me Ligjin për furnizime publike.

Neni 8

Vauçerët janë me përdorim të njëhershëm dhe përdoren si pjesëmarrje për blerjen e kompjuterëve me performansa minimale: Pentium 4, Celeron ose AMD Athlon processor, RAE 1GB dhe prezencë të detyrueshme të kartelës për rrjet.

Vauçerët përdoren për blerjen e kompjuterëve nga paragrafi 1 i këtij neni, nga subjektet (shoqëri tregtare dhe tregtarë individë) që janë të regjistruar për veprimtaritë lidhur me tregtinë, mirëmbajtjen dhe riparimin e kompjuterëve.

Neni 9

Pagesa ndaj vauçerëve të emetuar bëhet nga ana e Ministrisë së Shoqërisë Informatike.

Pagesa e mjeteve të subjekteve nga neni 8 i këtij ligji, kryhet në bazë të vauçerëve të dorëzuar të shfrytëzuar, kopjes së llogarisë fiskale dhe kopjes së kontratës për shitblerje të kompjuterit e cila i përmban performansat e kompjuterit të shitur.

Neni 10

Gjatë pranimit të vauçerëve, subjektet nga neni 8 i këtij ligji janë të detyruar për identifikimin e shfrytëzuesit të vauçerit ta përdorin ueb aplikacionin nga neni 7 i këtij ligji, për çka Ministria e Shoqërisë Informatike është e detyruar t'iu sigurojë qasje.

Subjektet janë të detyruara që për çdo vauçer të pranuar, të mbajnë evidencë në të cilën do të shënohet emri dhe mbiemri i studentit, numri i indeksit, numri i letërnjoftimit ose dokumentit të udhëtimit, numri serik i vauçerit dhe të ketë nënshkrimin personal të studentit, në bazë të formularit të plotësuar dhe deklaratës për blerjen e kompjuterit me vauçer, me të cilën deklaron se e ka dorëzuar vauçerin me numrin e shënuar serik.

Modelin e formularit me deklaratën nga paragrafi 2 i këtij neni, e përcakton ministri i Shoqërisë Informatike.

Neni 11

Vauçerët mund të shfrytëzohen për blerjen e kompjuterëve, më së voni deri më 15 dhjetor të vitit 2008.

Subjektet nga neni 8 i këtij ligji, mund t'i dorëzojnë vauçerët për pagesë në Ministrinë e Shoqërisë Informatike, më së voni deri më 22 dhjetor të vitit 2008, dhe ta bëjnë arkëtimin e vauçerëve më së voni deri më 26 dhjetor të vitit 2008.

Neni 12

Shpërndarjen e vauçerëve nëpër institucionet e arsimit të lartë e bën Ministria e Financave, në bazë të listës së përpiluar nga Ministria e Arsimit dhe e Shkencës, sipas numrit të studentëve të regjistruar për herë të parë në vitin e fundit studimor të vitit shkollor 2008/2009, në institucionet e arsimit të lartë në Republikën e Maqedonisë.

Në rast se shuma e shpërndarë e numrit të vauçerëve në institucionet larta arsimore nuk shfrytëzohet plotësisht, institucioni i lartë arsimor është e detyruar me procesverbal vauçerët t'ia kthejë Ministrisë së Financave.

Ministria e Financave është e detyruar ta njoftojë Qeverinë e Republikës së Maqedonisë, në afat prej tri ditësh nga shpërndarja e kryer e vauçerëve, për numrin e vauçerëve të shpërndarë nëpër institucionet e caktuara të arsimit të lartë.

Neni 13

Studenti gjatë marrjes së vauçerit në institucionin e arsimit të lartë, është i obliguar ta plotësojë formularin, me deklaratën për pranimin e vauçerit për blerjen e kompjuterit, në të cilën e shënon emrin dhe mbiemrin e vet, numrin e letërnjoftimit ose dokumentit të udhëtimit, numrin e indeksit dhe numrin serik të vauçerit që e ka marrë.

Personi përgjegjës për shpërndarjen e vauçerëve në institucionin e arsimit të lartë, është i obliguar që numrin e letërnjoftimit përkatësisht të dokumentit të udhëtimit të studentit ta shkruajë në vauçer, në vendin e caktuar për atë, para se t'ia dorëzojë vauçerin studentit.

Personi përgjegjës për shpërndarjen e vauçerëve në institucionin e lartë arsimor, para se ta emetojë vauçerin është i detyruar t'i vendos të dhënat nga paragrafi 2 i këtij neni në ueb aplikacionin nga neni 7 i këtij ligji.

Modelin e formularit me deklaratën nga paragrafi 1 i këtij neni, e përcakton ministri i Shoqërisë Informatike.

Neni 14

Institucionet e arsimit të lartë janë të obliguara që në afat prej 15 ditësh nga dita e pranimit të vauçerëve, të dorëzojnë raport për numrin e vauçerëve të shpërndarë studentëve, në Ministrinë e Financave.

Raporti nga paragrafi 1 i këtij neni dorëzohet edhe në Ministrinë e Arsimit dhe të Shkencës edhe në Ministrinë e Shoqërisë informatike.

Neni 15

Gjatë pranim-dorëzimit të vauçerëve ndërmjet institucionit që e ka bërë shtypjen dhe Ministrisë së Financave, ndërmjet Ministrisë së Financave dhe institucionit të arsimit të lartë, si dhe universitetit, administratës universitare dhe fakultetit, detyrimisht përpilohet procesverbal për pranim-dorëzim, që doemos duhet të jetë i nënshkruar nga së paku tre persona përgjegjës, nga subjektet ndërmjet të cilave kryhet pranim-dorëzimi i vauçerëve.

Neni 16

Vauçerët e emetuar të pashfrytëzuar në pajtim me këtë ligj, Ministria e Financave dhe Ministria e Punëve të Brendshme, i asgjësojnë me komision, më së voni deri më 10 janar 2009.

Neni 17

Ministri i Financave nxjerr udhëzim për zbatimin e këtij ligji.

Neni 18

Mbikëqyrjen mbi zbatimin e dispozitave të këtij ligji dhe shfrytëzimin e kufizuar të vauçerëve e bën Ministria e Arsimit dhe e Shkencës - Inspektorati shtetëror i arsimit dhe Ministria e Ekonomisë - Inspektorati shtetëror i tregut.

Neni 19

Ministria e Financave obligohet të dorëzojë raport të tërësishëm për realizimin e këtij ligji në Kuvendin e Republikës së Maqedonisë, përfundimisht deri më 31 janar 2009.

Neni 20

Secili që do ta keqpërdorë vauçerin e lëshuar në pajtim me këtë ligj ose do ta falsifikojë, do të përgjigjet për vepër të kryer penale, në pajtim me Kodin penal.

Neni 21

Ky ligj hyn në fuqi me ditën e botimit në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë", ndërsa do të zbatohet deri më 31 dhjetor 2008.

---

**2748.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНЦЕСИИ И ДРУГИ ВИДОВИ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 31 октомври 2008 година.

Бр. 07-4787/1
31 октомври 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНЦЕСИИ И ДРУГИ ВИДОВИ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

Член 1

Во Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија" број 7/2008), во членот 110 по ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3, кои гласат:

„На постапките за воспоставување и реализација на односи кои по својата содржина и карактер претставуваат односи на договорно или институционално јавно приватно партнерство, во смисла на овој закон, меѓу правни лица од членот 3 став 1 точка 10 на овој закон и други правни и физички лица настанати до влегувањето во сила на Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство, нема да се применуваат одредбите на овој закон.

Како почеток на воспоставувањето на односите од ставот 2 на овој член ќе се смета одлуката донесена од јавниот партнер за воспоставување на односи кои имаат карактер на јавно приватно партнерство, во смисла на овој закон."

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

## L I G J
## PËR PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR KONCESIONE DHE LLOJE TË TJERA TË PARTNERITETIT PUBLIK PRIVAT

Neni 1

Në Ligjin për koncesione dhe lloje të tjera të partneritetit publik privat ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 7/2008 ), në nenin 110 pas paragrafit 1 shtohen dy paragrafë të rinj 2 dhe 3 si vijon:

“Ndaj procedurave për vendosjen dhe realizimin e marrëdhënieve të cilat për nga përmbajtja dhe karakteri i tyre paraqesin marrëdhënie të partneritetit publik privat kontraktues ose institucional në kuptim të këtij ligji, ndërmjet personave juridikë nga neni 3 paragrafi 1 pika 10 të këtij ligji dhe personave juridikë dhe fizikë të krijuara deri në hyrjen në fuqi të Ligjit për koncesione dhe lloje tjera të partneritetit publik privat, nuk do të aplikohen dispozitat e këtij ligji.

Si fillim i vendosjes së marrëdhënieve nga paragrafi 2 të këtij neni do të merret vendimi i marrë nga partneri publik për vendosjen e marrëdhënieve që kanë karakter të partneritetit publik privat në kuptim të këtij ligji.”

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga botimi në “Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë”.

---

**2749.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕРЗИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКО-ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за берзи на земјоделско-прехранбени производи,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 31 октомври 2008 година.

Бр. 07-4785/1
31 октомври 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕРЗИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКО-ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ

Член 1

Во Законот за берзи на земјоделско-прехранбени производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 32/92), членот 4 се менува и гласи:

„Берза можат да основаат Република Македонија, единиците на локалната самоуправа и градот Скопје, како и правни и физички лица под услови и на начин утврдени со овој и друг закон.

Берзите се основаат како јавно претпријатие.

Берза може да се основа и како друштво со ограничена одговорност или акционерско друштво.

Берзата може да се основа за сите земјоделско-прехранбени производи или само за група земјоделско-прехранбени производи.

Во правниот промет берзата истапува во свое име и за своја сметка, како и во име и за сметка на своите членови.“

Член 2

Во членот 6 алинеја 5 пред точката и запирката се додаваат зборовите: “преку обезбедување на просторни услови за откуп и складирање на земјоделско-прехранбени производи во форма на објекти, складови, магацини и ладилници”.

Член 3

По членот 6 се додаваат три нови члена 6-а, 6-б и 6-в, кои гласат:

„Член 6-а

Дејноста што ја вршат берзите на земјоделско-прехранбени производи е дејност од јавен интерес.

Објектите наменети за вршење на дејноста од ставот 1 на овој член се објекти од јавен интерес.

Член 6-б

Субјектите од членот 4 на овој закон за вршење на дејноста на берза треба да имаат вработено најмалку четири лица со висока стручна подготовка од областа на земјоделските науки, како и соодветни простории и опрема.

Поблиските услови во поглед на вработените, просториите и опремата на субјектите од ставот 1 на овој член ќе ги пропише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Субјектите од членот 4 на овој закон се евидентираат во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 6-в

Акционерските друштва и друштвата со ограничена одговорност дејноста од членот 6 на овој закон можат да ја вршат врз основа на дозвола.

Дозволата од ставот 1 на овој член ја дава Владата на Република Македонија врз основа на предлог на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Дозволата од ставот 1 на овој член се издава на начин и постапка утврдени согласно со Главата 3 од Законот за јавните претпријатија.“

Член 4

Членот 9 се менува и гласи:

“Берзата може да ги врши регистрираните дејности ако во рок од 60 дена од денот на уписот во трговскиот регистар, односно во регистарот на други правни лица што се води при Централниот регистар на Република Македонија ги донесе берзанските узанси.

Берзата е должна берзанските узанси да ги достави на одобрување до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од 30 дена од денот на уписот.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е должно во рок од 15 дена од денот на доставувањето на берзанските узанси да даде одобрување на истите.“

Член 5

Членот 18 се брише.

Член 6

Во членот 19 точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: “основана како јавно претпријатие од страна на Владата на Република Македонија.“

Член 7

По членот 20 се додава нов член 20-а, кој гласи:

“Член 20-а

Инспекциски надзор над примената на одредбите од овој закон вршат инспекциски органи согласно со надлежностите утврдени со закон.“

Член 8

Во членот 21 став 1 воведната реченица се менува и гласи: “Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице, ако:“.

Ставот 2 се менува и гласи:

“Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член на одговорното лице во правното лице.“

По ставот 2 се додаваат два нови става 3 и 4, кои гласат:

“За дејствијата од ставот 1 на овој член на правното лице покрај глобата ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на дејност во траење од една до три години.

За дејствијата од ставот 1 на овој член на одговорното лице во правното лице покрај глобата ќе му се изрече прекршочна санкција забрана за вршење на должност во траење од една до три години.“

Член 9

Членот 22 се брише.

Член 10

Во членот 23 став 1 воведната реченица се менува и гласи: “Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на берзанскиот агент, ако:“.

Ставот 2 се менува и гласи:

“За дејствијата од ставот 1 на овој член на берзанскиот агент покрај глобата ќе му се изрече прекршочна санкција забрана за вршење на професија во траење од една до три години.“

Член 11

По членот 23 се додава нов член 23-а, кој гласи:

„Член 23-а

Прекршочна постапка за прекршоците предвидени со овој закон ја води надлежниот суд.

Пред поднесување на барање за прекршочна постапка за прекршоци предвидени со овој закон, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство води постапка за порамнување согласно со Законот за прекршоците.“

Член 12

Јавното претпријатие за берзанско работење АГРО-БЕРЗА е должно да го усогласи своето работење со одредбите на овој закон во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 13

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

**L I G J**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR BURSAT E PRODHIMEVE USHQIMORE BUJQËSORE**

Neni 1

Në Ligjin për bursat e prodhimeve ushqimore bujqësore (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 32/92) neni 4 ndryshon, si vijon:

"Bursë mund të themelojnë Republika e Maqedonisë, njësitë e vetadministrimit lokal dhe Qyteti i Shkupit, si dhe personat juridikë dhe fizikë në kushte dhe në mënyrë të përcaktuara me këtë ligj dhe me ligj tjetër.

Bursat themelohen si ndërmarrje publike.

Bursa mund të themelohet edhe si shoqëri me përgjegjësi të kufizuar apo shoqëri aksionare.

Bursa mund të themelohet për të gjitha prodhimet ushqimore bujqësore, apo vetëm për një grup prodhimesh ushqimore bujqësore.

Në qarkullim juridik bursa paraqitet në emër të vet dhe për llogari të vet, si dhe në emër dhe për llogari të anëtarëve të vet."

Neni 2

Në nenin 6 në alinenë 5 pikëpresja fshihet, dhe shtohen fjalët:

“përmes sigurimit të kushteve hapësinore për grumbullimin dhe magazinimin e prodhimeve ushqimore bujqësore në formë objektesh, deposh, magazinash dhe frigoriferësh”

Neni 3

Pas nenit 6 shtohen tre nene të reja 6-a, 6-b dhe 6-v, si vijojnë:

Neni 6-a

Veprimtaria që e kryejnë bursat e prodhimeve ushqimore bujqësore është veprimtari me interes publik.

Objektet e dedikuara për kryerjen e veprimtarisë nga paragrafi 1 i këtij neni janë objekte me interes publik.

Neni 6-b

Subjektet nga neni 4 i këtij ligji për kryerjen e veprimtarisë së bursës, duhet të kenë së paku 4 persona të punësuar me përgatitje sipërore profesionale, nga sfera e shkencave bujqësore, si dhe hapësira dhe pajisje përkatëse.

Kushtet më të afërta lidhur me punonjësit, hapësirat dhe pajisjen e subjekteve nga paragrafi 1 i këtij neni, do t'i përcaktojë ministri i Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave.

Subjektet nga neni 4 i këtij ligji evidentohen në Ministrinë e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave.

Neni 6-v

Shoqëritë aksionare dhe shoqëritë me përgjegjësi të kufizuar, veprimtarinë nga neni 6 i këtij ligji mund ta kryejnë në bazë të lejes.

Lejen nga paragrafi 1 i këtij neni e lëshon Qeveria e Republikës së Maqedonisë, në bazë të propozimit të Ministrisë së Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave.

Leja nga paragrafi 1 i këtij neni lëshohet në mënyrë dhe në procedurë të përcaktuara në pajtim me kreun 3 të Ligjit për ndërmarrjet publike.

Neni 4

Neni 9 ndryshon si vijon:

"Bursa mund t'i kryejë veprimtaritë e regjistruara nëse në afat prej 60 ditësh nga dita e regjistrimit në regjistrin tregtar, përkatësisht në regjistrin e personave të tjerë juridikë që mbahet në Regjistrin qendror të Republikës së Maqedonisë, i miraton uzansat e bursës.

Bursa është e obliguar që uzansat e bursës t'ia paraqesë për miratim Ministrisë së Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave në afat prej 30 ditësh nga dita e regjistrimit.

Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave është e obliguar që në afat prej 15 ditësh nga dita e dërgimit të uzansave të bursës, të japë pëlqim për të njëjtat."

Neni 5

Neni 18 fshihet.

Neni 6

Në nenin 19 pika në fund të fjalisë fshihet dhe shtohen fjalët: "e themeluar si ndërmarrje publike nga ana e Qeverisë së Republikës së Maqedonisë"

Neni 7

Pas nenit 20 shtohet neni 20-a, si vijon:

„Neni 20-a

Mbikëqyrjen inspektuese ndaj zbatimit të dispozitave të këtij ligji e kryejnë organet inspektuese, në pajtim me kompetencat e përcaktuara me këtë ligj."

Neni 8

Në nenin 21 paragrafi 1, fjalia hyrëse ndryshon si vijon: "Gjobë në shumë prej 3 000 deri në 5 000 euro me kundërvlerë në denarë, do t'i kumtohet për kundërvajtje personit juridik, nëse:".

Paragrafi 2 ndryshohet si vijon:

"Gjobë prej 500 deri në 1 000 euro me kundërvlerë në denarë, do t'i kumtohet për kundërvajtjen nga paragrafi 1 i këtij neni personit përgjegjës te personi juridik."

Pas paragrafin 2, shtohen dy paragrafë të rinj 3 dhe 4, si vijojnë:

Për veprimet nga paragrafi 1 i këtij neni personit juridik, përveç gjobës do t'i kumtohet edhe sanksion për kundërvajtje ndalim i kryerjes së veprimtarisë në kohëzgjatje prej një deri në tri vjet.

Për veprimet nga paragrafi 1 i këtij neni personit përgjegjës te personi juridik, përveç gjobës do t'i kumtohet sanksion për kundërvajtje ndalim i kryerjes së detyrës në kohëzgjatje prej një deri në tri vjet."

Neni 9

Neni 22 fshihet.

Neni 10

Në nenin 23 në paragrafin 1 fjalia hyrëse ndryshon si vijon: "Gjobë në shumë prej 500 deri në 1 000 euro me kundërvlerë në denarë do t'i kumtohet për kundërvajtje agjentit të bursës, nëse:".

Paragrafi 2 ndryshohet si vijon:

"Për veprimet nga paragrafi 1 i këtij neni agjentit të bursës, përveç gjobës do t'i kumtohet edhe sanksion për kundërvajtje ndalim i kryerjes së profesionit në kohëzgjatje prej një deri në tri vjet."

Neni 11

Pas nenit 23 shtohet neni i ri 23 -a si vijon:

"Neni 23-a

Procedurën për kundërvajtje për kundërvajtjet e parapara me këtë ligj e mban gjykata kompetente.

Para paraqitjes së kërkesës për procedurë për kundërvajtje për kundërvajtjet e parapara me këtë ligj, Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave mban procedurë për barazim në pajtim me Ligjin për kundërvajtjet."

Neni 12

Ndërmarrja publike për punën e bursës AGRO-BURSA, është e obliguar që ta harmonizojnë punën e vet me dispozitat e këtij ligji në afat prej një viti nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 13

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**2750.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 31 октомври 2008 година.

Бр. 07-4790/1
31 октомври 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ

Член 1

Во Законот за заштита на населението од заразни болести ("Службен весник на Република Македонија" бр. 66/2004), насловот на Главата VI "Казнени одредби" се менува и гласи: " Прекршочни одредби".

Член 2

Во членот 66 став 1 зборовите: "Со парична казна од 50.000 до 250.000 денари, ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на".

Во ставот 2 зборовите: "казни со парична казна од 5.000 до 50.000 денари и" се заменуваат со зборовите: "изрече глоба во износ од 300 до 650 евра во денарска протввредност и на".

Член 3

Во членот 67 зборовите: "Со парична казна од 30.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 300 до 650 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на".

Член 4

По членот 67 се додава нов член 67-а, кој гласи:

„Член 67-а

Прекршочната постапка за прекршоците предвидени во овој закон ја води надлежниот суд.

Пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка за прекршоците предвидени со овој закон, Министерството за здравство води постапка за порамнување согласно со Законот за прекршоците.“

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

## L I G J
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR MBROJTJEN E POPULLATËS NGA SËMUNDJET NGJITËSE

Neni 1

Në Ligjin për mbrojtjen e popullatës nga sëmundjet ngjitëse ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 66/2004), titulli i Kreut VI "Dispozita ndëshkuese" ndryshon, si vijon "Dispozita për kundërvajtje" .

Neni 2

Në nenin 66 paragrafi (1) fjalët: “Me dënim me para prej 50 000 deri 250 000 denarë do të dënohet për kundërvajtje” zëvendësohen me fjalët: “Gjobë në shumë prej 3 000 deri 5 000 euro me kundërvlerë në denarë do t’i kumtohet për kundërvajtje”.

Në paragrafin 2, fjalët: " dënimet në para prej 5 000 deri në 50 000 denarë dhe” zëvendësohen me fjalët: “shqiptohet gjobë në shumë prej 300 deri 650 euro me kundërvlerë në denarë do t’i kumtohet edhe”.

Neni 3

Në nenin 67 fjalët: “Me dënim me para prej 30 000 deri në 50 000 denarë do të dënohet për kundërvajtje”, zëvendësohen me fjalët: “Gjobë në shumë prej 300 deri në 650 euro me kundërvlerë në denarë do t’i kumtohet për kundërvajtje”.

Neni 4

Pas nenit 67 shtohet nen i ri 67-a si vijon:

“Neni 67-a

Procedurën e kundërvajtjes për kundërvajtjet e parapara me këtë ligj, e mban gjykata kompetente.

Para paraqitjes së kërkesës për ngritjen e procedurës për kundërvajtje për kundërvajtjet e parashikuara me këtë ligj, Ministria e Shëndetësisë mban procedurë për barazim në pajtim me Ligjin për kundërvajtjet."

Neni 5

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e botimit në “Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë”.

**2751.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА САНИТАРНАТА И ЗДРАВСТВЕНАТА ИНСПЕКЦИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за санитарната и здравствената инспекција,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 31 октомври 2008 година.

Бр. 07-4789/1
31 октомври 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА САНИТАРНАТА И ЗДРАВСТВЕНАТА ИНСПЕКЦИЈА

Член 1

Во Законот за санитарната и здравствената инспекција (“Службен весник на Република Македонија” број 71/2006), насловот на Главата VI “КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ” се менува и гласи “ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ”.

Член 2

Во членот 31 став 1 зборовите: “Со парична казна од 50.000 до 250.000денари ќе се казни за прекршок правното лице” се заменуваат со зборовите: “Глоба во износ од 1.000 до 5.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на правното лице”.

Во ставот 2 зборовите :”ќе се казни со парична казна од 10.000 до 50.000 денари и” се заменуваат со зборовите: “глоба во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе се изрече и на “.

Во ставот 3 зборовите: “ќе се казни со парична казна од 10.000 до 50.000 денари и” се заменуваат со зборовите: “глоба во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе се изрече и на”.

Член 3

По членот 31 се додава нов член 31-а, кој гласи:

“Член 31-а

Прекршочната постапка за прекршоците предвидени во овој закон ја води надлежниот суд.

Пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка за прекршоците предвидени со овој закон, Министерството за здравство води постапка за порамнување согласно со Законот за прекршоците.”

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

## L I G J
## PËR NDRYSHIMIN DEH PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR INSPEKSIONIN SANITAR DHE SHËNDETËSOR

Neni 1

Në Ligjin për inspeksionin sanitar dhe shëndetësor ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 71/20006) titulli i Kreut VI "DISPOZITA NDËSHKIMORE" ndryshohet si vijon: "DISPOZITA PËR KUNDËRVAJTJE".

Neni 2

Në nenin 31 paragrafi (1) fjalët: "Me dënim me para prej 50 000 deri 250 000 denarë do të dënohet për kundërvajtje personi juridik”, zëvendësohen me fjalët: "Gjobë në shumë prej 1 000 deri në 5 000 euro me kundërvlerë në denarë do t’i kumtohet për kundërvajtje personit juridik”.

Në paragrafin 2 fjalët: “do të dënohet me dënim në para në shumë prej 10 000 deri në 50 000 denarë, zëvendësohen me fjalët: "Gjobë në shumë prej 500 deri në 1 500 euro me kundërvlerë në denarë do t’i kumtohet edhe".

Në paragrafin 3 fjalët: "do të dënohet me dënim me para prej 10 000 deri 50 000 denarë, dhe zëvendësohen me fjalët: "Gjobë në shumë prej 500 deri në 1 500 euro me kundërvlerë në denarë do t’i kumtohet edhe”.

Neni 3

Pas nenit 31 shtohet nen i ri 31-a, si vijon:

"Neni 31-a

Procedurën për kundërvajtje për kundërvajtjet e parapara me këtë ligj e mban gjykata kompetente.

Para paraqitjes së kërkesës për ngritjen e procedurës për kundërvajtje për kundërvajtjet e parashikuara me këtë ligj, Ministria e Shëndetësi mban procedurë për barazim në pajtim me Ligjin për kundërvajtjet."

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e botimit në “Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**2752.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА ЗЕМАЊЕ, РАЗМЕНУВАЊЕ, ПРЕНЕСУВАЊЕ И ПРЕСАДУВАЊЕ ДЕЛОВИ ОД ЧОВЕКОВОТО ТЕЛО ЗАРАДИ ЛЕКУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за условите за земање, разменување, пренесување и пресадување делови од човековото тело заради лекување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 31 октомври 2008 година.

Бр. 07-4788/1
31 октомври 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА ЗЕМАЊЕ, РАЗМЕНУВАЊЕ, ПРЕНЕСУВАЊЕ И ПРЕСАДУВАЊЕ ДЕЛОВИ ОД ЧОВЕКОВОТО ТЕЛО ЗАРАДИ ЛЕКУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за условите за земање, разменување, пренесување и пресадување делови од човековото тело заради лекување („Службен весник на Република Македонија” број 30/95) во членот 29 став 1 зборовите: „Со парична казна од четири до десет плати ќе се казни за прекршок” се заменуваат со зборовите: “Глоба во износ од 2.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на”.

Во ставот 2 зборовите: “ќе се казни за прекршок и” се заменуваат со зборовите: “ќе се изрече за прекршок и на”, а зборовите: “со парична казна од една половина до две плати” се заменуваат со зборовите: “глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност”.

Член 2

Во членот 30 став 1 зборовите: “Со парична казна од четири до десет плати ќе се казни за прекршок и” се заменуваат со зборовите: “Глоба во износ од 2.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок и на”.

Во ставот 2 зборовите :”ќе се казни за прекршок и” се заменуваат со зборовите: “ќе се изрече за прекршок и на”, а зборовите: “парична казна од една половина до две плати” се заменуваат со зборовите: “глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност”.

Член 3

Во членот 31 став 1 зборовите: “Со парична казна од четири до десет плати ќе се казни за прекршок” се заменуваат со зборовите: “Глоба во износ од 2.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на”.

Во ставот 2 зборовите: “Со парична казна од став 1 на овој член ќе се казни за прекршок и” се заменуваат со зборовите: “глоба во износ утврден во ставот 1 на овој член ќе се изрече за прекршок и на”.

Во ставот 3 зборовите: “ќе се казни за прекршок и” се заменуваат со зборовите: “ќе се изрече за прекршок и на”, а зборовите: “парична казна од една половина до две плати” се заменуваат со зборовите: “глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност”.

Член 4

По членот 31 се додава нов член 31-а кој гласи:

“Член 31-а

Прекршочната постапка за прекршоците предвидени во овој закон ја води надлежниот суд.

Пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка за прекршоците предвидени со овој закон, Министерството за здравство води постапка за порамнување согласно со Законот за прекршоците.”

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

**L I G J**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR KUSHTET PËR MARRJEN, NDËRRIMIN, BARTJEN DHE TRANSPLANTIMIN E PJESËVE TË TRUPIT TË NJERIUT PËR SHKAK TË MJEKIMIT**

Neni 1

Në Ligjin për kushtet për marrjen, ndërrimin, bartjen dhe transplantimin e pjesëve të trupit të njeriut për shkak të mjekimit (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 30/95) në nenin 29 paragrafi 1 fjalët: “Me dënim me para prej katër deri dhjetë rroga do të dënohet për kundërvajtje” zëvendësohen me fjalët: “Gjobë në shumë prej 2 000 deri në 5 000 euro me kundërvlerë në denarë do t’i shqiptohet për kundërvajtje”.

Në paragrafin 2 fjalët: “do të dënohet për kundërvajtje edhe” zëvendësohen me fjalët: “do t’i shqiptohet për kundërvajtje edhe”, ndërsa fjalët: “dënim me para prej një gjysmë deri në dy rroga” zëvendësohen me fjalët: “gjobë në shumë prej 1 000 deri në 2 000 euro me kundërvlerë në denarë”.

Neni 2

Në nenin 30 paragrafi 1 fjalët: “Me dënim me para prej katër deri në dhjetë rroga do të dënohet për kundërvajtje edhe” zëvendësohen me fjalët: “Gjobë në shumë prej 2 000 deri në 5 000 euro me kundërvlerë në denarë do t’i shqiptohet për kundërvajtje edhe”.

Në paragrafin 2 fjalët: “do të dënohet për kundërvajtje edhe” zëvendësohen me fjalët: “do t’i shqiptohet për kundërvajtje edhe”, ndërsa fjalët: “dënim me para prej një gjysmë deri në dy rroga” zëvendësohen me fjalët: “gjobë në shumë prej 1 000 deri në 2 000 euro me kundërvlerë në denarë”.

Neni 3

Në nenin 31 paragrafi 1 fjalët: “Me dënim me para prej katër deri në dhjetë rroga do të dënohet për kundërvajtje “zëvendësohen me fjalët: “Gjobë në shumë prej 2 000 deri në 5 000 euro me kundërvlerë në denarë do t’i shqiptohet për kundërvajtje”.

Në paragrafin 2 fjalët: “Me dënim me para nga paragrafi 1 i këtij neni do të dënohet për kundërvajtje edhe” zëvendësohen me fjalët: “Gjobë në shumë të përcaktuar në paragrafin 1 të këtij neni do t’i shqiptohet për kundërvajtje edhe”.

Në paragrafin 3 fjalët: “do të dënohet për kundërvajtje edhe” zëvendësohen me fjalët: “do t’i shqiptohet për kundërvajtje edhe“, ndërsa fjalët: “dënim me para prej një gjysmë deri në dy rroga” zëvendësohen me fjalët: “gjobë në shumë prej 1 000 deri në 2 000 euro me kundërvlerë në denarë”.

Neni 4

Pas nenit 31 shtohet nen i ri 31-a si vijon:

"Neni 31-a

Procedurën për kundërvajtje për kundërvajtjet e përcaktuara në këtë ligj e mban gjykata kompetente.

Para dorëzimit të kërkesës për ngritjen e procedurës për kundërvajtje për kundërvajtjet e përcaktuara me këtë ligj, Ministria e Shëndetësisë mban procedurë për barazim në pajtim me Ligjin për kundërvajtjet."

Neni 5

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e botimit në “Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë”.

---

**2753.**

Врз основа на член 202 став 2 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија” број 136/2007 и 130/2008), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 4 ноември 2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ ПО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ**

I. За претседател на Државната комисија за жалби по јавните набавки, се именува

Маја Малахова, адвокат од Скопје, со мандат од пет години.

II. За членови на Државната комисија за жалби по јавните набавки, се именуваат:

1. Сузана Равановска, дипломиран правник од Скопје, вработена во ЈП водовод и канализација - Скопје, со мандат од пет години;
2. Мишо Василевски, дипломиран правник од Скопје, вработен во Агенцијата за државни службеници, со мандат од пет години;
3. Едита Насковска, дипломиран правник од Скопје, со мандат од пет години и
4. Елита Шуки, дипломиран правник од Скопје, вработена во Агенцијата за државни службеници - Скопје, со мандат од пет години.

III. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија”.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4834/1
4 ноември 2008 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

---

**2754.**

Врз основа на член 76 став 1 од Уставот на Република Македонија и членовите 118 став 5 и 119 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” број 91/2008), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 4 ноември 2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ, ЗАМЕНИЦИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛИТЕ, ЧЛЕНОВИ И НИВНИ ЗАМЕНИЦИ НА КОМИСИИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

I. Во Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” број 96/2008, 97/2008 и 106/2008), во точката I. потточка 16. Комисија за здравство под б) за заменик на претседателот зборовите: “Оливер Деркоски” се заменуваат со зборовите: “Ванчо Коцев”.

Во потточка 17. Комисија за труд и социјална политика под б) за заменик на претседателот зборовите: “Ванчо Коцев” се заменуваат со зборовите: “Зоран Петрески”.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија”.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4835/1
4 ноември 2008 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

**2755.**

Врз основа на член 68 став 2 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 3 ноември 2008 година, донесе

**Р Е З О Л У Ц И Ј А**
**ЗА ИЗНАОЃАЊЕ НА СТРАТЕГИЈА ЗА НАМЕТНАТИОТ СПОР ОД СТРАНА НА РЕПУБЛИКА ГРЦИЈА ЗА НАШЕТО УСТАВНО ИМЕ**

Повикувајќи се на Мислењето број 6 на Арбитражниот совет (познат како Бадентерова комисија) основан од страна на Советот на министри на ЕЕЗ, на 27 август 1991 година и повикувајќи се на резолуциите 817 и 845 на Советот за безбедност на ООН од 1993 година и Времената спогодба потпишана меѓу владите на Република Македонија и Република Грција од 13 септември1995 година,

Тргнувајќи од консензуалната определба на граѓаните и на сите политички субјекти дека решавањето на спорот со Република Грција за името на Република Македонија е прашање од највисок државен и национален интерес,

Изразувајќи го недвосмислено цврстиот став дека одбраната од негирање на името на нашата држава, на идентитетот на македонскиот народ, јазик, историја, култура и заштита на македонското национално малцинство претставува императив во политичкото дејствување на Република Македонија,

Свесни за фактот дека врз остварувањето на стратешките цели на Република Македонија за интегрирање во Европската унија и НАТО, покрај исполнувањето на политичките критериуми, влијае и решавањето на спорот за името на нашата држава што се потврди на Самитот на НАТО во Букурешт, кога Република Грција го спречи интегрирањето на Република Македонија во НАТО, на кој Република Македонија не доби покана за пристапување во НАТО и е присутно во изјавите на евродипломатите за добивање датум за преговори со Европската унија,

Соочени со агресивната дипломатска офанзива на нашиот сосед против уставното име на Република Македонија и националистичка реторика, која ги надминува сфаќањата на модерните демократии, со што се попречува нејзиното интегрирање во европските и евроатлантските структури, имајќи ги предвид темелните документи на ООН и одредбите на Привремената согласност меѓу Република Македонија и Република Грција од 1995 година што се однесуваат на членството во меѓународните, мултилатералните и регионалните институции,

Ценејќи дека обединетата позиција на државниот врв во преговорите на Република Македонија со Република Грција за решавање на спорот за името, е од исклучително значење за засилување на преговарачката позиција на Република Македонија,

Имајќи ги предвид јасните пораки на поддршка од меѓународната заедница, особено од Брисел и Вашингтон за итно надминување на отворените прашања во спорот како шанса за пристапување во НАТО до затворањето на процесот за ратификација на Спогодбата за пристапување на Хрватска и Албанија во НАТО, во националните парламенти на земјите членки,

Собранието на Република Македонија како претставнички орган на граѓаните во кој граѓаните преку демократски избраните претставници ја остваруваат власта, укажува дека е потребно:

1. Врз основа и во рамките на резолуциите 817 и 845 на Советот за безбедност на ООН од 1993 година и Времената спогодба потпишана меѓу владите на Република Македонија и Република Грција од 13 септември 1995 година, во најкраток можен рок да се утврди државната стратегија за решавање на спорот со Република Грција во врска за името на Република Македонија во која јасно и недвосмислено ќе биде вградена обединетата позиција на државниот врв во преговарачкиот процес.

Со државната стратегија, неопходно е да се одбрани името, највисоките државни и национални интереси и да се зачува идентитетот на македонскиот народ, јазик, историја, култура и постоењето на македонското национално малцинство и да се афирмира позицијата на Република Македонија како суверена и самостојна држава.

2. При утврдувањето на стратегијата, да се почитуваат ставовите, предлозите и мислењата на политичките партии застапени во Собранието на Република Македонија.

3. Во изготвувањето на државната стратегија да се консултираат експертската јавност и невладините организации кои се занимаваат со меѓународна политика.

4. Да се засилат дипломатските активности на надлежните политички субјекти во земјата и странство, при што да се афирмираат виталните интереси и стратешките цели на Република Македонија и да се укажува на потребата од почитување на темелните документи на ООН и на меѓународното право.

Дипломатската активност особено да се интензивира кон државите кои ја поддржуваат Република Македонија во процесите на интегрирање во европските и евроатлантските структури, но и во оние земји кои би можеле да нé признаат под уставно име.

5. Да се обезбеди континуирано, навремено и објективно информирање на граѓаните на Република Македонија со елементите и имплементацијата на државната стратегија за решавање на спорот со Република Грција за името на Република Македонија.

6. Оваа резолуција да се достави до претседателот на Република Македонија и Владата на Република Македонија.

7. Оваа резолуција ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија”.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| | |
|---|---|
| Бр. 07-4820/1 | Претседател |
| 3 ноември 2008 година | на Собранието на Република |
| Скопје | Македонија, |
| | **Трајко Вељаноски,** с.р. |

---

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**2756.**

Врз основа на член 84, алинеја втора од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91), донесувам

**У К А З**
**ЗА ОТПОВИКУВАЊЕ ПРАТЕНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА РАЗГОВОРИТЕ ПОМЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА ГРЦИЈА ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА РАЗЛИКАТА ОКОЛУ ИМЕТО ПОД ПОКРОВИТЕЛСТВО НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ**

I

Никола Димитров, се отповикува од функцијата пратеник на Република Македонија за разговорите помеѓу Република Македонија и Република Грција за надминување на разликата околу името под покровителство на Обединетите нации.

II

Овој указ влегува во сила веднаш, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Указ бр. 15
4 ноември 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

---

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2757.**

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 28.10.2008 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ПРЕСТАНОК И ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Член 1

Со оваа одлука на Министерството за одбрана му престанува користењето на недвижна ствар и тоа:

- Објект бр. 50, во кругот на Касарната „Гоце Делчев“ во Скопје, лоциран на КП бр. 1768/1, КО Кисела Вода II, во вкупна површина од 111м$^2$, со земјиштето кое му припаѓа.

Недвижната ствар од став 1 на овој член се дава на користење на 20 години на Дирекцијата за заштита и спасување.

Член 2

Предавањето и приемот на недвижната ствар од член 1 на оваа одлука, со целокупната инфраструктура и проектна и техничка документација ќе се изврши меѓу Министерството за одбрана и Дирекцијата за заштита и спасување.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-3121/2
28 октомври 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**2758.**

Врз основа на член 254 став 1 од Законот за трговски друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07 и 87/08), Владата на Република Македонија во својство на единствен содружник на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје, на седницата одржана на 28.10.2008 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА НА ДРУШТВОТО ЗА ИЗГРАДБА, УПРАВУВАЊЕ И ИЗДАВАЊЕ НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКА САЛА БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука се зголемува основната главнина на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје за износ од 60.000.000,00 денари.

Член 2

Се задолжува Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје да ја пријави промената на основната главнина на друштвото во Централен регистар на Република Македонија.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-4726/3
28 октомври 2008 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**2759.**

Врз основа на член 16 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 28.10.2008 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ПРЕСТАНОК И ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ–ЛЕТАЛИШТА ОД АГЕНЦИЈАТА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Член 1

Со оваа одлука, на досегашниот корисник Агенцијата за цивилно воздухопловство и престанува користењето на следниве недвижни ствари:

- Леталиште Логоварди (катастарска општина Логоварди, Имотен лист бр. 23 со површина од 73.305 м2 – К.П. бр. 724)
- Леталиште Даме Груев (катастарска општина Веранци, Поседовен лист бр. 147 со површина од 98.541 м2 – К.П. бр. 3235/2)
- Леталиште Сарадиново (катастарска општина Сарандиново, Поседовен лист бр. 129 со површина од 92.472 м2 – К.П. бр. 501/3)
- Леталиште Каратманово (катастарска општина Каратманово, Поседовен лист бр. 402 со површина од 75.099 м2 – К.П. бр. 852/2)
- Леталиште Пеширово (катастарска општина Пеширово, Поседовен лист бр. 312 со површина од 85.859 м2 – К.П. бр. 890/2)
- Леталиште Врсаково (катастарска општина Сарчиево, Поседовен лист бр. 140 со површина од 73.061 м2 – К.П. бр. 644/2)
- Леталиште Црвени Брегови (катастарска општина Криволак, Имотен лист бр. 586 со површина од 72.172 м2 составена од К.П. бр. 683/2 со површина од 68.790 м2 и К.П. бр. 683/3 со површина од 3.382 м2)
- Леталиште Росоман на општина Росоман (катастарска општина Росоман, Имотен лист бр. 2332 со површина од 116.477 м2 – К.П. бр. 110/1)
- Земјиште Ветерско (катастарска општина Ветерско, Имотен лист бр. 74 – К.П. бр. 484/2 со површина од 1.600 м2).

Член 2

Недвижните ствари од член 1 на оваа одлука им се доделуваат на времено користење за период од 12 месеци, на:

- Леталиште Логоварди на општина Битола (катастарска општина Логоварди, Имотен лист бр. 23 со површина од 73.305 м2 – К.П. бр. 724)
- Леталиште Даме Груев на општина Могила (катастарска општина Беранци, Поседовен лист бр. 147 со површина од 98.541 м2 – К.П. бр. 3235/2)
- Леталиште Сарадиново на општина Долнени (катастарска општина Сарандиново, Поседовен лист бр. 129 со површина од 92.472 м2 – К.П. бр. 501/3)

- Леталиште Каратманово на општина Лозово (катастарска општина Каратманово, Поседовен лист бр. 402 со површина од 75.099 м2 – К.П. бр. 852/2)

- Леталиште Пеширово на општина Свети Николе (катастарска општина Пеширово, Поседовен лист бр. 312 со површина од 85.859 м2 – К.П. бр. 890/2)

- Леталиште Врсаково на општина Штип (катастарска општина Сарчиево, Поседовен лист бр. 140 со површина од 73.061 м2 – К.П. бр. 644/2)

- Леталиште Црвени Брегови на општина Неготино (катастарска општина Криволак, Имотен лист бр. 586 со површина од 72.172 м2 составена од К.П. бр. 683/2 со површина од 68.790 м2 и К.П. бр. 683/3 со површина од 3.382 м2)

- Леталиште Росоман на Општина Росоман (катастарска општина Росоман, Имотен лист бр. 2332 со површина од 116.477 м2 – К.П. бр. 110/1)

- Земјиште Ветерско на општина Велес (катастарска општина Ветерско, Имотен лист бр. 74 – К.П. бр. 484/2 со површина од 1.600 м2).

Недвижните ствари од став 1 на овој член се даваат на времено користење на единиците на локалната самоуправа, без надомест.

Член 3

Примопредавањето на недвижните ствари од член 1 на оваа одлука меѓу Агенцијата за цивилно воздухопловство и единиците на локалната самоуправа од член 2 на оваа одлука, ќе се изврши во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за пренесување на користење на полетно слетните патеки (бетонски) и стабилизираните тревнати патеки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 85/99).

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-5066/1
28 октомври 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот на Владата на Република Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**2760.**

Врз основа на член 20 став 1 и 27-а од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 28.10.2008 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ НА ОПШТИНСКАТА УСТАНОВА „МУЗЕЈ НА ГРАД КРАТОВО“ ОД КРАТОВО

Член 1

Со оваа одлука на Општинската установа „Музеј на град Кратово“ од Кратово, се даваат на користење недвижните ствари:

- Кула Симиќева на ул. „Трајче Арсов“ – Кратово со површина од 105 $м^2$ евидентирана во Катастарска парцела 700 за Катастарска општина Кратово запишана во Имотен лист бр. 2831, сопственост на Република Македонија и

- Саат – Асад кула на ул. „Браќа Миладиновци“ – Кратово со површина од 135 $м^2$ евидентирана во Катастарска парцела 630 за Катастарска општина Кратово, запишана во Имотен лист бр. 3794, сопственост на Република Македонија.

Член 2

Недвижните ствари од член 1 на оваа одлука, се даваат на времено користење за време од 10 години, без надоместок, на Општинската установа „Музеј на град Кратово“ од Кратово.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-5269/1
28 октомври 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот на Владата на Република Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

**2761.**

Врз основа на член 26 став 2 од Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/08) и член 11, став 1 од Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр.84/08), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 28.10.2008 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ, ПРОЕКТИРАЊЕ, ИЗГРАДБА, УПРАВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ПАТИШТАТА СО НАПЛАТА НА ПАТАРИНА НА ДЕЛ ОД ПАТНАТА МРЕЖА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со цел унапредување и развој на патната инфраструктура и постигнување на стандардите во транспортниот сектор за модерен, безбеден, добро одржуван и интегриран транспортен систем, прилагоден на потребите на државата и овозможување одржлив развој и пораст на економијата во насока на интегрирање во Европската унија, Владата на Република Македонија отпочнува постапка за доделување на концесија за финансирање, проектирање, изградба, управување и одржување на дел од патната мрежа во Република Македонија.

Неопходноста за доделување на концесија произлегува од фактот што остварувањето на овие цели бара реализација на значителни инвестициски активности за кои што Република Македонија во овој момент нема доволно финансиски средства истите да ги реализира. Доделувањето на концесија на инвеститор кој има значително искуство во развој и одржување на патишта со наплата на патарина и подигнувањето на квалитетот на патната мрежа која ќе биде предмет на концесија на ниво на автопати би довело до намалување на времето за патување, намалување на сообраќајните незгоди, намалување на трошоците за одржување на возилата и други придобивки.

Патните правци кои се предлага да бидат предмет на концесија за финансирање, проектирање, изградба, управување и одржување од патната мрежа во Република Македонија се следниве:

1. Коридор 8 - Романовце - Узем (границата со Бугарија) преку Страцин и Крива Паланка;
2. Стенковец - Блаце (граница со Косово);
3. Коридор 8 – Гостивар - Требеништа преку Кичево;
4. Ќафасан (граница со Албанија) - Битола преку Струга, Охрид и Ресен;
5. Коридор 10 – Велес (Отовица) - Меџитлија (граница со Грција) преку Прилеп и Битола;
6. Велес (Отовица) - Обел (граница со Бугарија) преку Штип и Делчево и
7. Миладиновци - Штип преку Свети Николе.

Член 2

Цели кои треба да се остварат со доделување на концесијата се:

- Општи услови:

1. Времетраење на концесијата – 35 години

- Посебни услови

1. Времетраење на изградба на автопатите е најмногу до 6 години од моментот на почеток на градежните работи. Станува збор за следниве патни делници:

- Патна делница Кочани - Делчево – граница со Република Бугарија
- Патна делница Штип – Кочани
- Патна делница Велес - Штип
- Патна делница Велес – Прилеп преку Бабуна
- Патна делница Битола – Ресен
- Патна делница Ресен - Охрид
- Патна делница Битола – Меџитлија
- Патна делница Стенковец – Блаце
- Патна делница Миладиновци – Штип
- Патна делница Гостивар – Кафасан
- Патна делница Романовце – граница со Република Бугарија

2. Можноста за наплата на патарина на патните правци предмет на концесија од страна на концесионерот е за целиот период на траење на концесијата од 35 години.

Член 3

Предмет на концесијата ќе биде концесија за финансирање, проектирање, изградба, управување и одржување на седум патни правци со наплата на патарина како дел од патната мрежа во Република Македонија од член 1 на оваа одлука.

Основни услови за доделување на концесијата се 35 години времетраење на концесискиот период и обврска на концесионерот по истекот на периодот на концесија да ги предаде на управување патиштата на Владата на Република Македонија патните правци кои биле предмет на концесија.

Член 4

Концесијата ќе се додели преку јавен повик, кој ќе се организира и ќе се спроведе преку постапка на ограничен повик, согласно Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/08).

Член 5

Концесискиот надомест ќе се пресметува како процент од вкупниот приход кој ќе се менува во зависност од промената на вкупниот број на патници по патните делници со цел да се задржи економската исплатливост на концесијата. Плаќањето и висината на концесискиот надомест ќе биде согласно утврдена методологија за проценета вредност, а врз база на ревидирани годишни извештаи потврдени од независна ревизорска куќа.

Член 6

Постапката за доделување на концесија ќе ја спроведе Комисија за спроведување на концесија формирана од страна на министерот за транспорт и врски. Постапката да се спроведе во роковите пропишани во Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство.

Член 7

Висината на надоместокот за доставување на тендерската документација за првата фаза (претквалификација) ќе изнесува 8.000 (осум илјади) €, во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на доставување на тендерската документација.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.19-5373/1
28 октомври 2008 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

**2762.**

Врз основа на член 20, став 1 и член 27-а од Законот за користење и располагање со ствари на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 28.10.2008 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Член 1

Со оваа одлука на Јавната здравствена установа, Општа болница – Штип му престанува користењето на недвижни ствари, сопственост на Република Македонија и тоа:

- зграда 1 пр. на К.П. бр. 7389/2 со површина од 128,06 м2;
- зграда 1 02. на К.П. бр. 7389/2 со површина од 582 м2;
- зграда 1 02. на К.П. бр. 7389/2 со површина од 72 м2,

Или вкупно 7а 82,06 м2 сите лоцирани на К.П. бр. 7389/2, ул. „Тодор Коларов“ – Штип, КО Штип – 2 запишана во Имотен лист бр. 829 издаден од Државен завод за геодетски работи – Штип.

Недвижните ствари од став 1 на овој член се даваат на трајно користење без надоместок на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, за потребите на Медицинскиот факултет.

Член 2

Предавањето и приемот на недвижните ствари од член 1 на оваа одлука ќе се изврши помеѓу Јавната здравствена установа, Општа болница – Штип и Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-5374/1
28 октомври 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**2763.**

Врз основа на член 36, став 3 и член 41 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08 и 82/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 28.10.2008 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА СЛУЖБА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Одлуката за основање на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/98, 45/98, 28/99, 61/99, 21/01, 30/01, 21/02, 69/03 и 147/07), во членот 2, став 1, точката се брише и се додаваат зборовите: „и Уставниот суд на Република Македонија“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“:

Бр. 19-5440/3
28 октомври 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**2764.**

Врз основа на член 62 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 28.10.2008 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА НАТПИСИ И РЕКЛАМНИ ТАБЛИ ВО ЗАШТИТНИОТ ПОЈАС НА ДРЖАВЕН ПАТ, ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ПРИСТАПЕН ПАТ НА ДРЖАВЕН ПАТ, ПОСТАВУВАЊЕ НА ИНСТАЛАЦИИ ВО ТРУПОТ НА ПАТОТ И ПАТНИОТ ПОЈАС НА ДРЖАВЕН ПАТ, ИЗГРАДБА И КОРИСТЕЊЕ НА КОМЕРЦИЈАЛНИ ОБЈЕКТИ НА КОЈ Е ДОЗВОЛЕН ПРИСТАП НА ЈАВЕН ПАТ НАДВОР ОД НАСЕЛЕНО МЕСТО, ЗА ПРЕКУМЕРНО КОРИСТЕЊЕ НА ДРЖАВЕН ПАТ, ЗА ВОНРЕДЕН ПРЕВОЗ И ЗА ШТЕТА НА ДРЖАВЕН ПАТ И НА ОБЈЕКТИТЕ НА ПАТОТ**

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на надоместокот што се плаќа за поставување на натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државен пат, приклучување на пристапен пат на државен пат, поставување на инсталации во трупот на патот и патниот појас на државен пат, изградба и користење на комерцијални објекти на кој е дозволен пристап на јавен пат надвор од населено место, за прекумерно користење на државен пат, за вонреден превоз и за штета на државен пат и на објектите на патот.

Под домашен превоз се подразбира превоз кој го извршуваат исклучиво превозници регистрирани во Република Македонија при што нема никаква можност возило регистрирано во друга држава да го извршува предметниот превоз на стоки (каботажа).

Под меѓународен превоз се подразбира превоз кој се врши од возила регистрирани во матичната држава и возила кои се регистрирани во други држави и поминување барем на една од граничните линии на Република Македонија.

Член 2

За поставување на натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државните патишта се плаќа годишен надоместок (12 месеци).

Надоместокот од став 1 на овој член се определува во зависнот од категоријата на патот и од големината на рекламната табла изразена во м2 и изнесува за:

| | | |
|---|---|---|
| 1. автопат | до 1 м2 = 60 евра | (во денарска противвредност) |
| | од 1м2 до 4м2 = 80 евра | “ |
| | од 4м2 до 10м2 = 100 евра | “ |
| | преку 10м2 = 120 евра | “ |

| | | |
|---|---|---|
| 2. магистрален пат | до 1 м2 = 40 евра | (во денарска противвредност) |
| | од 1м2 до 4м2 = 60 евра | “ |
| | од 4м2 до 10м2 = 80 евра | “ |
| | преку 10м2 = 100 евра | “ |

3. регионален пат од прва и втора категорија

до 1 м2 = 20 евра (во денарска противвредност)
од 1м2 до 4м2 = 40 евра "
од 4м2 до 10м2 = 60 евра "
преку 10м2 = 80 евра "

Годишните цени се зголемуваат со 10% ако барателот ги наменува истите да ги издава на други корисници.

Член 3

Висината на надоместокот за приклучување на пристапен пат на државен пат се определува во зависност од категоријата на патот и изнесува за:

1. приклучување на пристапен пат до магистрален пат 500 евра во денарска противвредност
2. приклучување на пристапен пат до регионален пат од прва категорија 400 евра во денарска противвредност
3. приклучување на пристапен пат до регионален пат од втора категорија 300 евра во денарска противвредност

Член 4

Висината на надоместокот за поставување на инсталации во трупот на патот и во патниот појас изнесува и тоа:

1. за поставување на инсталации во трупот на патот 100 евра во денарска противвредност.
2. за поставување на инсталации во патниот појас во зависност од должината на која се поставува инсталацијата и тоа
   - за должина до 1 км - 100 евра во денарска противвредност.
   - за должина од 1км до 10 км – 200 евра во денарска противвредност
   - за должина над 10 км – 300 евра во денарска противвредност

Член 5

Висината на надоместокот за изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на државен пат надвор од населено место изнесува:

1. за објекти на кои е дозволен пристап на магистрален пат 500 евра во денарска противвредност
2. за објекти на кои е дозволен пристап на регионален пат од прва категорија 300 евра во денарска противвредност
3. за објекти на кои е дозволен пристап на регионален пат од втора категорија 200 евра во денарска противвредност

Член 6

За прекумерно користење на државен пат се плаќа надоместок кој се утврдува врз основа на просечниот годишен дневен сообраќај на товарните возила со носивост поголема од 10 тона, утврден со најмалку четирикратно броење на сообраќајот на соодветниот пат од страна на надлежни органи. Надоместокот износува 5 евра во денарска против вредност по возило за секое возило над просекот.

Член 7

Висината на надоместокот за вонреден превоз се утврдува врз зависност од пречекорувањата на дозволените димензии на возилото должина, ширина и висина.

1. Должина

Ако возилото празно или заедно со товарот ја пречекорува дозволената должина пропишана со посебен пропис и тоа:

За меѓународен превоз :

-до 20 % се плаќа 0,10 евра во денарска противвредност по км
-преку 20% се плаќа 0,20 евра во денарска противвредност по км

За домашен превоз:

0,05 евра во денарска противвредност по км
0,10 евра во денарска противвредност по км

2. Ширина

Ако возилото празно или заедно со товарот ја пречекорува дозволената ширина пропишана со посебен пропис и тоа:

| За меѓународен превоз : | За домашен превоз: |
|---|---|
| -од 2,61 до 3 метри – 0,10 евра (во денарска противвредност) по км за товарни и приклучни возила со изотермна надградба чија дебелина на зидовите е еднаква или поголема од 45мм | 0,05 евра (во денарска противвредност) по км |
| -од 2,56 до 3 метри – 0,10 евра (во денарска противвредност) по км за сите останати возила | 0.05 евра (во денарска противвредност) по км |

| | |
|---|---|
| -од 3,01 до 4 метри – 0,20 евра по км (во денарска противвредност) по км | 0,10 евра (во денарска противвредност) по КМ |
| -преку 4м – 0,40 евра (во денарска противвредност) по км | 0,12 евра (во денарска противвредност) по км |

3. Висина

Ако возилото празно или заедно со товарот ја пречекорува дозволената висина пропишана со посебен пропис и тоа:

| За меѓународен превоз : | За домашен превоз : |
|---|---|
| -од 4,01 до 4,50 метри – 0,10 евра (во денарска противвредност) по КМ | 0,05 евра (во денарска противвредност) по КМ |
| -преку 4,50 метри – 0.20 евра (во денарска противвредност) по КМ | 0,10 евра (во денарска противвредност) по КМ |

За возило кое празно ја пречекорува дозволената должина, ширина или висина пропишана со посебен пропис се издава дозвола на годишно ниво со надомест од 1.000,00 евра во денарска противвредност, полугодишно 600,00 евра во денарска противвредност,тромесечно 400,00 евра во денарска противвредност по дозвола.

Член 8

Доколку возилото празно или заедно со товарот ја пречекорува дозволената должина, ширина и висина на повеќе места се зема во предвид само најголемата димензија за секое пречекорување.

Надоместокот за пречекорувањето на дозволените димензии се пресметува посебно за секое пречекорување.

Член 9

Во случај ако возилото празно или зедно со товарот пречекорува повеќе димензии вкупниот надоместок претставува збир на надоместок од секоја поединечно пречекорена димензија и должината на релацијата.

Член 10

Доколку возилото само или заедно со приклучното возило ја пречекорува вкупната дозволена маса пропишана со посебен пропис, надоместокот се плаќа за секој пречекорен тон:

Меѓународен превоз :

За вкупно дозволена маса до 36 тона :

- од 36,1 до 40 тона ........................... 0,40 евра во денарска противвредност т / км

За вкупно дозволена маса до 40 тона :

- од 40,1 до 45 тона ............................. 0,10 евра во денарска противвредност т/км
- од 45,1 до 50 тона ............................ 0,15 евра во денарска противвредност т/км
- од 50,1 до 60 тона ..............................0,20 евро во денарска противвредност т/км
- преку 60,1 тона ...................................0,40 евра во денарска противвредност т/км

За домашен превоз :

За вкупно дозволена маса до 36 тона :

- од 36,1 до 40 тона ........................ 0, 10 евра во денарска противвредност т/км

За вкупно дозволена маса до 40 тона :

- од 40,1 до 60 тона ................................ 0,05 евра во денарска противвредност т/км
- од 60,1 до 80 тона ................................ 0,14 евра во денарска противвредност т/км
- преку 80 тона ...................................... 0,50 евра во денарска противвредност т/км

Надоместокот од став еден на овој член се пресметува така што единечниот износ на надоместокот се множи по должината на релацијата и по бројот на тоните кои ја пречекоруваат вкупната дозволена маса.

Член 11

Висината на надоместокот кој се плаќа за пречекорувања на дозволеното осно оптоварување, во зависност од пречекорувањето изразено во тони изнесува:

| Пречекорување во тони | меѓународен превоз: |
|---|---|
| За 1 тон | 0,25 евра во денарска противвредност т/км |
| 2 тона | 0,55 евра во денарска противвредност т/км |
| 3 тона | 0,70 евра во денарска противвредност т/км |
| 4 тона | 1,30 евра во денарска противвредност т/км |
| 5 тона | 2,15 евра во денарска противвредност т/км |
| 6 тона | 2,80 евра во денарска противвредност т/км |
| 7 тона | 3,40 евра во денарска противвредност т/км |
| 8 тона | 4,20 евра во денарска противвредност т/км |
| 9 тона | 5,50 евра во денарска противвредност т/км |
| 10 и над 10тона | 7,40 евра во денарска противвредност т/км |

| Пречекорување во тони | домашен превоз: |
|---|---|
| За 1 тон | 0,15 евра во денарска противвредност тон/км |
| 2 тона | 0,30 евра во денарска противвредност тон/км |
| 3 тона | 0,50 евра во денарска противвредност тон/км |
| 4 тона | 0,80 евра во денарска противвредност тон/км |
| 5 тона | 1,00 евра во денарска противвредност тон/км |
| 6 тона | 1,80 евра во денарска противвредност тон/км |
| 7 тона | 2,50 евра во денарска противвредност тон/км |
| 8 тона | 3,30 евра во денарска противвредност тон/км |
| 9 тона | 4,30 евра во денарска противвредност тон/км |
| 10 и над 10 тона | 6,30 евра во денарска противвредност тон/км |

Висината на надоместокот се одредува согласно одредената маршута на движење на возилото како збир на надоместоци пресметани врз основа на дозволеното осно оптеретување на патот.

Член 12

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“

Бр. 19-5421/1
28 октомври 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**2765.**

Врз основа на член 16 од Законот за игрите на среќа и забавните игри („Службен весник на Република Македонија” бр. 10/97, 54/97, 13/01, 2/02 и 54/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 28.10.2008 година, одобри

**ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ПОД БР. 19-5319/1 ОД 04-09-2007 ГОДИНА, ИЗДАДЕНА НА ДРУШТВОТО ЗА ТРГОВИЈА И УСЛУГИ „ФЛАМИНГО“ ДОО СКОПЈЕ ЗА ПОСТОЈАНО ПРИРЕДУВАЊЕ НА ПОСЕБНИ ИГРИ НА СРЕЌА ВО АВТОМАТ КЛУБОТ ШТО СЕ НАОЃА НА УЛ. „ДАМЕ ГРУЕВ“ БР. 4/7 ВО СКОПЈЕ**

1. Во Лиценцата под бр. 19-5319/1 од 04.09.2007 година, издадена на Друштвото за трговија и услуги „Фламинго“ ДОО Скопје, за постојано приредување на посебни игри на среќа во автомат клуб, во точката 3 бројот „1“ се заменува со бројот „2“.
2. Ова изменување на Лиценца се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-5233/1
28 октомври 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**м-р Зоран Ставрески**, с.р.

---

**2766.**

Врз основа на членовите 22 и 287 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07 и 87/08) Владата на Република Македонија, во својство на собранието на Друштвото, на седницата одржана на 28.10.2008 година, донесе

**С Т А Т У Т**
**НА АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТА ДАВАТЕЛ НА УСЛУГИ НА ВОЗДУХОПЛОВНАТА НАВИГАЦИЈА**

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Предмет и основање**

Член 1

Со овој Статут се уредуваат: фирмата и седиштето на друштвото, заштитниот знак, печатот и штембилот, предметот на работење на друштвото, износот на основната главнина, номиналната вредност на акциите, бројот на акциите, положбата, правата и ограничувањата на акционерот, обврските, ограничувањата и погодностите, постапката за свикување и одржување на собранието, фирмата, седиштето, ЕМБС на основачот, видот, составот и начинот на избор на органот на управување, односно на Надзорниот одбор и нивната надлежност, внатрешната организација, формата и начинот на објавувањата што ги врши Друштвото, како и други прашања што се од значење за Друштвото.

Член 2

Друштвото го основа Република Македонија.

Во име на основачот, Владата на Република Македонија ги презема без јавен повик сите акции и потпишува изјава.

Правата и обврските на друштвото се утврдени со одредбите на Законот за трговските друштва, Законот за воздухопловство и одредбите на овој Статут.

**Времетраење**

Член 3

Друштвото се основа на неопределено време на траење.

**Фирма, печат, штембил и заштитен знак**

Член 4

Акционерското друштво ќе работи и ќе учествува во правниот промет под фирма:

Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација.

Скратен назив на фирмата е: "М-НАВ" А.Д. -Скопје.

Во правниот промет со странство називот на Друштвото е "M-NAV", Macedonian Air Navigation Service Provider, PCL.

Член 5

Друштвото има печат, штембил и заштитен знак.

Печатот е со округла форма во кој е впишан полниот назив на фирмата и заштитниот знак.

Друштвото има и мал печат во кој е впишан скратениот назив на фирмата.

Штембилот има правоаголна форма со полниот назив на Друштвото, со ознака на број и датум.

Заштитниот знак се употребува на меморандумот, рекламите и другиот пропаганден материјал и во други случаи.

Формата и изгледот на печат, штембилот и заштитниот знак поблиску се уредуваат со Правилникот за печат, штембил и заштитен знак што го донесува Управниот одбор на Друштвото.

**Седиште на друштвото**

Член 6

Седиштето на Друштвото е во општина Петровец, аеродром „Александар Велики", 1043 Петровец.

**Предмет на работење**

Член 7

Предмет на работењето на друштвото се следните дејности:

1. Давање на услуги на воздухопловна навигација (ANS – Air Navigation Services) како приоритетна дејност на друштвото, која опфаќа:

1.1. АТМ услуги (Air Traffic Management) и тоа:

а) АТС услуги (ATC-Air Traffic Services):

- контрола на летање (ATC-Air Traffic Control), која се дава на воздухопловите преку издавање на одобренија и инструкции на надлежната контрола на летање за да се овозможи безбеден, редовен и брз проток на воздушниот сообраќај;

- информирање во лет (FIS – Flight Information Service), која се дава преку издавање на информации значајни за безбедно одвивање на воздушниот сообраќај; и

- тревожење (ALRT – Alerting Service) која се дава за воздухоплов кој има потреба од потрага и спасување преку известување и координирање на надлежните субјекти.

б) регулирање на протокот на воздушен сообраќај (ATFM – Air Traffic Flow Management), која се дава за да се овозможи максимално искористување на капацитетот на контролата на летање и обемот на сообраќајот;

в) организација на воздушниот простор (ASM – Air Space Management), која се дава за да се обезбеди максимално и флексибилно искористување на воздушниот простор за сите корисници.

1.2. Услуги на воздухопловно информирање (AIS – Aeronautical Information Service), кои опфаќаат: собирање, обработка и дистрибуција на воздухопловните информации, итни известувања, воздухопловен информативен циркулар, воздухопловни карти и постапки и процедури за летање;

1.3. метеоролошките услуги кои опфаќаат собирање, обработка и дистрибуција на метеоролошки информации, метеоролошка прогноза, метеоролошки известувања и метеоролошки предупредувања;

1.4. поставување, одржување, контрола и мониторирање на техничките средства, уредите и опремата, за давање на услуги на воздухопловна навигација (CNS Services); и

1.5 водење на евиденција за наплата на надоместоци од прелети.

2. Обука на АНС персонал.

II. ОСНОВНА ГЛАВНИНА

Член 8

Основната главнина на Друштвото утврдена од овластен проценител изнесува 1.153.990.534,56 денари односно 18.866.628,42 евра според средниот курс на Народната банка на Република Македонија објавен еден ден пред донесувањето на статутот на Друштвото.

**Акција**

Член 9

Основната главнина на Друштвото е распоредена на 192.332 обични акции кои ги поседува акционерот – Република Македонија, со номинална вредност од 6.000,00 денари за една акција односно 100,00 евра според средниот курс на Народната банка на Република Македонија објавен еден ден пред донесувањето на статутот на Друштвото.

**Зголемување на основната главнина**

Член 10

Основната главнина може да се зголемува со:
- издавање на нови акции;
- со одобрен капитал;
- со средства на друштвото;
- со условно зголемување на основната главнина.

Член 11

Одлука за зголемување на основната главнина донесува Собранието на Друштвото.

III. ФИРМА, СЕДИШТЕ И ЕМБС НА ОСНОВАЧОТ

Член 12

Фирмата на основачот е Влада на Република Македонија.

Седиштето на основачот е во Скопје на ул.„Илинденска" б.б.

Матичен број на основачот е 4064674.

IV. ОРГАНИ НА ДРУШТВОТО

Член 13

Органи на Друштвото се:
- Собрание,
- Управен одбор,
- Надзорен одбор.

V. СОБРАНИЕ

Член 14

Правата и обврските на Собранието на друштвото ги врши Владата на Република Македонија.

Член 15

Собранието на друштвото се свикува под услови и случаи определени со Законот за трговски друштва.

**Надлежности на собранието**

Член 16

Собранието одлучува само за прашањата изрично определени со закон и со овој статут, а особено за:

1. донесување и измени на статутот на Друштвото;
2. одобрување на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на Друштвото во претходната деловна година и одлучување за распределбата на добивката;
3. избор и отповикување на членовите на Надзорниот одбор;
4. одобрување на работата и на водењето на работењето со Друштвото на членовите на Управниот одбор и на Надзорниот одбор, при што за одобрување на работата на членовите на органите на Друштвото се гласа одделно за секој член на органот;
5. одобрување на менаџерскиот договор што се склучува помеѓу друштвото и член на управен одбор;
6. зголемување и намалување на основната главнина на Друштвото;
7. издавање акции и други хартии од вредност;
8. назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи;
9. преобразба на Друштвото во друга форма на друштво, како и за статусните промени на Друштвото;
10. престанок на Друштвото;
11. одлучување за покривање на загубите.

VI. УПРАВУВАЊЕ СО ДРУШТВОТО

Член 17

Управувањето со Друштвото е организирано според двостепениот систем. Друштвото има Управен одбор и Надзорен одбор.

**Состав и избор на членови на управен одбор**

Член 18

Управниот одбор е составен од 3 члена. Надзорниот одбор, ги избира членовите на Управниот одбор со мнозинство гласови од вкупниот број гласови. Со одлуката за избор на членови на Управниот одбор, еден од членовите на управниот одбор се именува за Претседател на Управниот одбор.

Еден од членовите на Управниот одбор ја води, организира и е одговорен за давање на услуги во воздухопловна навигација и носи назив, извршен директор за воздухопловна навигација. Членот се избира од редовите на вработените и мора да има стручни знаења, способности и искуство во организирање и водење на дејноста на друштвото, да поседува валидна дозвола на радарски контролор на летање и најмалку 6 годишно работно искуство како радарски контролор на летање.

Еден од членовите на Управниот одбор ја води, организира и е одговорен за техничките средства во воздухопловна навигација и носи назив, извршен директор за воздухопловна техника. Членот се избира од редовите на вработените и мора да има стручни знаења, способности и искуство во организирање и водење на дејноста на друштвото, да поседува валидна дозвола на воздухопловно-технички персонал и најмалку 6 годишно работно искуство како воздухопловно-технички персонал.

Еден од членовите на Управниот одбор ги води и врши финансиските работи, правните работи, развој и инвестиции и е одговорен за финансиското работење, правното работење, развој и инвестиции и носи назив, извршен директор за финансиски работи, правни работи, развој и инвестиции. Членот мора да има стручни знаења, способности и искуство во организирање и водење на дејноста на друштвото и најмалку 6 годишно работно искуство во соодветна дејност.

Членовите на Управниот одбор се избираат за време од 4 години со право на реизбор.

Членот на Управниот одбор не може да биде избран за член на управен одбор односно за извршен член на одбор на директори во други акционерски друштва со седиште во Република Македонија.

**Еднаква положба на членовите на управниот одбор**

Член 19

Членовите на Управниот одбор имаат исти права и обврски, без оглед на тоа како се распределени правата и обврските меѓу нив во органот. Работите ги вршат според овластувањата определени со закон и според работите што им се доверени со закон и со овој Статут.

Управниот одбор на својот конститутивен состанок донесува Деловник за работа.

**Права и обврски на членовите на управниот одбор**

Член 20

Правата и обврските на членовите на Управниот одбор, покрај правата и обврските определени со закон, може да се определат со Договор за уредување на односите меѓу Друштвото и член на Управен одбор (Менаџерски договор).

Договорот од став 1 од овој член го склучува надзорниот одбор по претходно добиено одобрение од собранието на друштвото, а го потпишува претседателот на надзорниот одбор.

**Надлежност на управниот одбор**

Член 21

Управниот одбор во рамките на својата надлежност, ги врши следните работи:
- ја утврдува деловната политика;
- донесува Програма за работа и развоен план на друштвото, Годишен оперативен план за работа, Годишен финансиски план, Годишен план за јавни набавки, Програма за инвестиони вложувања;

- поднесува тримесечни извештаи кои содржат показатели за финансиското работење на друштвото до надзорниот одбор и до Собранието на друштвото;
- го усвојува елаборатот за пописот на средствата, побарувањата и обврските на друштвото;
- поднесува годишна сметка, годишни финансиски извештаи и годишен извештај за работењето на друштвото по истекот на деловната година;
- одлучува за расходување и оттуѓување на основни средства;
- поднесува предлог за изменување и дополнување на Статутот;
- донесува одлуки за инвестиции;
- донесува одлуки за одобрување на договори за инвестициони вложувања;
- одобрува склучување на договори од поголемо значење и со подолг период на траење;
- донесува одлука за употреба на посебната резерва заради покривање на загубата на друштвото;
- одлучува за вршење отпис на средствата, побарувањата и обврските;
- одлучува за склучување на колективен договор;
- одлучува за внатрешната организација и систематизација на работните места;
- одлучува за назначување на лица со посебни овластувања и одговорности (раководни лица кои го вршат секојдневното водење на работењето на Друштвото);
- ги донесува општите акти на друштвото на барањето на Собранието на друштвото и надзорниот одбор, подготвува општи акти и одлуки, чие донесување е во нивна надлежност;
- одлучува за разрешување на работниците со посебни овластувања и одговорности (раководни лица);
- се грижи и презема потребни дејствија за исполнување на со Закон пропишаните обврски на Друштвото;
- формира комисии од редот на членовите на Управниот одбор и од други лица;
- одлучува за издавање на основните средства на Друштвото под закуп;
- одлучува за барање од надлежни органи и институции;
- ги определува овластените потписници на Друштвото;
- ги утврдува цените на услугите на Друштвото со писмена одлука;
- врши и други работи кои не се во надлежност на Собранието и Надзорниот одбор на Друштвото.

### Застапување на Друштвото

Член 22

Членовите на Управниот одбор го застапуваат Друштвото во односите со трети лица заеднички.

Управниот одбор, со одобрение на Надзорниот одбор, може да овласти еден или повеќе членови на Управниот одбор да го застапуваат Друштвото. Во тој случај, другите членови на управниот одбор се исклучени од застапувањето.

Управниот одбор поднесува пријава за упис во трговскиот регистар на членовите на Управниот одборовластени за застапување на Друштвото.

### Комисии на Управен одбор

Член 23

Управниот одбор може да формира комисии за решавање на одредени прашања. Составот, условите, содржината на работата и начинот на работењето на овие комисии поблиску се уредува со Деловникот или друг акт на Управниот одбор.

### Награда на членовите на Управниот одбор

Член 24

Членовите на Управниот одбор имаат право на плата, односно месечен надомест, право на осигурување на животот, мотивирачки надоместоци (бонуси), надомест на патни и на други трошоци.

### Состав и избор на членовите на Надзорниот одбор

Член 25

Надзорниот одбор има 3 члена.

Собранието ги избира членовите на Надзорниот одбор.

Еден од членовите на Надзорниот одбор мора да има стручни знаења, способности и искуство во организирање и водење на дејност од областа на воздухопловството.

Еден од членовите на Надзорниот одбор мора да има стручни знаења, способности и искуство во организирање и водење на дејност од областа на финансиското работење.

Еден од членовите на Надзорниот одбор е независен и е предложен од страна на синдикатот.

Членовите на Надзорниот одбор се избираат за време од 4 години, со право на реизбор.

Член на надзорен одбор не може во исто време биде избран во повеќе од 5 надзорни одбори односно во повеќе од 5 одбори на директори како неизвршен член на акционерски друштва со седиште во Република Македонија.

### Еднаква положба на членовите на Надзорниот одбор

Член 26

Членовите на Надзорниот одбор имаат исти права и обврски, без оглед на тоа како се распределени правата и обврските меѓу нив во органот. Работите ги вршат според овластувањата определени со закон и според работите што им се доверени со закон и со овој Статут.

Надзорниот одбор на својот конститутивен состанок донесува Деловник за работа.

### Претседател на Надзорен одбор

Член 27

Надзорниот одбор, од редот на своите членови, избира Претседател на Надзорниот одбор. Одлуката за избор се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Надзорниот одбор.

Претседателот на Надзорниот одбор ги свикува состаноци и претседава со нив, одговорен е за водењето на евиденцијата за состаноците и организирање на работата и одлучувањето на Надзорниот одбор.

Ако Претседателот не е во можност да ја врши функцијата или е отсутен, со состаноците на Надзорниот одбор претседава член на Надзорниот одбор избран со мнозинство гласови на присутните членови на Надзорниот одбор.

Надзорниот одбор може да го разреши Претседателот во било кое време и да избере нов претседател.

**Надлежност на Надзорниот одбор**

Член 28

Надзорниот одбор врши надзор врз управувањето со друштвото што го врши управниот одбор.

Надзорниот одбор може да врши увид и да ги проверува книгите и документите на друштвото, како и имотот, особено благајната на друштвото и хартиите од вредност.

**Комисии на Надзорен одбор**

Член 29

Надзорниот одбор може да формира комисии за решавање на одредени прашања. Составот, условите, содржината на работата и начинот на работењето на овие комисии поблиску се уредува со Деловникот или друг акт на Надзорниот одбор.

**Начин на работа на Надзорниот одбор**

Член 30

Надзорниот одбор работи ако се присутни повеќе од половина од вкупниот број на членови.

**Начин на одлучување на Надзорниот одбор**

Член 31

Одлуките на надзорниот одбор се сметаат за донесени ако за нив гласале повеќе од половината од вкупниот број на членовите на надзорниот одбор.

**Награда на членовите на Надзорниот одбор**

Член 32

Собранието со одлука го определува паушалот по состанок на членовите на Надзорниот одбор.

Членовите на Надзорниот одбор имаат право и на надомест на патни трошоци, право на осигурување на живот, како и други права што се поврзани со вршењето на нивната функција (користење работни простории, и други потребни средства за работа).

## VII. ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА ДРУШТВОТО

Член 33

Внатрешната организација на друштвото е поделена на три сектори и тоа:

- сектор за воздухопловна навигација;
- сектор за воздухопловна техника и
- сектор за финансиски работи, правни работи, развој и инвестиции.

Со Акт на управниот одбор поблиску се уредува внатрешната организација и работите кои се извршуваат во друштвото.

## VIII. УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ ВО ДРУШТВОТО

Член 34

Работните односи, платите и другите права од работен однос се уредуваат со Законот за воздухопловство и прописи донесени врз основа на него, Законот за работни односи, колективен договор, Законот за трговските друштва и другите општи акти кои ги донесува Управниот одбор.

Член 35

Овој Статут е основниот акт на Друштвото. Сите други акти на Друштвото мора да бидат во согласност со овој Статут.

Акти на Друштвото се:

- Колективен договор;
- Правилник за внатрешна организација;
- Правилник за систематизација на работни места;
- Правилник за плати и други надоместоци кои произлегуваат од работен однос
- Правилник за заштита од пожар;
- Правилник за деловна тајна и за исклучоците од слободен пристап до информациите;
- Правилник за печат, штембил и заштитен знак;
- Правилник за лични заштитни средства и опрема;
- Правилник за финансиска помош, донации и спонзорства;
- Правилник за редот и дисциплината и други акти согласно закон и Колективен договор.

Одредбите на другите акти кои се во спротивност на овој Статут не може да се применуваат.

Член 36

Актите на Друштвото влегуваат во сила со денот на донесувањето, освен ако со закон не е поинаку определено. Ако актот согласно со законот треба да се објави, објавувањето се врши на Огласната табла на Друштвото и по електронски пат.

Член 37

Друштвото има право, одредени податоци со чие неконтролирано откривање може да биде нанесена штета на неговите деловни интереси, да ги прогласи за деловна тајна.

Прогласувањето на податоците за деловна тајна се утврдува со акт кој го донесува управниот одбор.

Не може да се прогласи за деловна тајна податок, кој согласно закон и овој статут не може да се прогласи за таен податок, или е пропишано дека е јавен податок, или постои обврска јавно да се објави.

**Забрана за конкуренција**

Член 38

Членовите на Управниот одбор без одобрение на Надзорниот одбор не смеат:

1) за своја или за туѓа сметка да вршат работи коишто спаѓаат во предметот на работење на Друштвото;

2) да вршат друга дејност или активност во друго друштво, со ист или сличен предмет на работење, платена или неплатена, за сопствена сметка или за сметка на друго лице;

3) да бидат членови на орган на управување или член на надзорен одбор во друго друштво коешто има ист или сличен предмет на работење како и Друштвото;

4) во просториите на Друштвото да врши работи за своја или за туѓа сметка.

**Престанок на Друштвото**

Член 39

Друштвото престанува со:

1) одлука на Собранието која ја донесува единствениот акционер;

2) правосилна одлука на надлежен орган со која што се утврдува дека уписот на Друштвото бил незаконит односно ништовен;

3) во секој друг случај предвиден во закон.

**Измена на Статут**

Член 40

Иницијатива за измена или дополнување на овој Статут може да поднесе:

- Управниот одбор;
- Надзорниот одбор;
- акционерот и
- синдикалната организација.

Во иницијативата се образложуваат причините и потребата од измени или дополнување на Статутот.

Иницијативата ја разгледува Управниот одбор и дава свое мислење, доколку тој не е подносител на иницијативата.

Ако Управниот одбор ја прифати иницијативата, формира комисија за изготвување на нацрт на измените, при што дава насока за изработка. Предлогот на одлуката за измени на Статутот го утврдува Управниот одбор.

Ако Управниот одбор не ја прифати иницијативата, должен е на првата наредна седница да го информира Собранието за тоа.

Собранието одлучува за причините за прифаќање или одбивање на иницијативата за измени на Статутот.

Член 41

Измени на Статутот ќе бидат направени врз основа на одлука на Собранието.

Измената на Статутот влегува во сила со денот на донесувањето на одлуката за измена на Статутот, освен ако со одлуката не е определен друг датум на влегување во сила.

IX. СОРАБОТКА СО СИНДИКАЛНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА

Член 42

Друштвото во согласност со закон и Колективен договор обезбедува услови за работа и делување на синдикалната организација.

Член 43

Синдикалната организација може на Управниот одбор да му поднесува предлози, мислења и забелешки во врска со остварувањето и заштитата на правата на работниците утврдени со закон и Колективен договор.

За поднесените предлози, мислења и забелешки Управниот одбор е должен да заземе став и за тоа да ја извести синдикалната организација.

X. РЕЗЕРВИ НА ДРУШТВОТО

Член 44

Во друштвото се формира задолжителна општа резерва (општ резервен фонд) и посебна резерва.

Друштвото има задолжителна општа резерва како општ резервен фонд кој е формиран по пат на зафаќање од нето добивката.

Оваа резерва се пресметува и издвојува во износ од 5% од нето добивката, се додека резервите на друштвото не достигнат износ кој што е еднаков на една петина од основната главнина. Ако така создадената резерва се намали, мора да се надополни на ист начин.

Додека општата резерва не го надмине определениот износ од став 2 на овој член, може да се употребува само за покривање на загубите.

Во друштвото се создава посебна резерва заради покривање на загуба на друштвото.

XI . ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 46

Овој статут влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.19-4602/1
28 октомври 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ**

**2767.**

**О Б Ј А В А**

Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Индија за поттикнување и заемна заштита на инвестиции, склучен во Скопје на 17 март 2008 година, ратификуван со Законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Индија за поттикнување и заемна заштита на инвестиции („Службен весник на РМ“ бр. 126/08), влегува во сила на 17 октомври 2008 година.

24 октомври 2008 година
Скопје

Министер,
м-р **Антонио Милошоски**, с.р.

---

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

**2768.**

Врз основа на член 6, став 3 од Законот за финансиска полиција („Службен весник на РМ“ број 55/07), министерот за финансии донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА СЛУЖБЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА И ФОРМАТА НА ЗНАЧКАТА НА УПРАВАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОЛИЦИЈА И НАЧИНОТ НА НЕЈЗИНОТО КОРИСТЕЊЕ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на службената легитимација и формата на значката на Управата за финансиска полиција како и начинот на нејзиното користење.

Член 2

Службената легитимација е изработена од 135 грамска хартија-кундздрук, во бела боја, пластифицирана со 175 микронска фолија, со димензии 6.5см. x 8.5см.

Предната страна од легитимацијата содржи: грб на Република Македонија, МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, УПРАВА ЗА ФИНАНСИСКА ПОЛИЦИЈА, СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА, место за фотографија со димензии 2.5см x 2.8см., име, презиме, финансиски полицаец, регистарски број, потпис на министерот за финансии и печат на Министерството за финансии.

Задната страна на легитимацијата содржи извод од одредбите на член 7 од Законот за финансиска полиција, со следниот текст:

"Финансиската полиција има надлежност да :

- Спроведува финансиска контрола, ја следи примената на даночните, царинските и други прописи од областа на финансиите, прибира и анализира податоци за готовински трансакции, презема предистражни и други мерки кога постојат основи на сомнение за сторени кривични дела од областа на организиран финансиски криминал;

- Спроведува постапка за испитување на имот и имотна состојба, врз основа на јавни податоци и регистри што се водат согласно закон;

- Спроведува предистражни мерки да се откријат и обезбедат трагите на кривичното дело и предметите што можат да послужат како доказ, да се пронајде сторителот на кривичното дело, сторителот или соучесникот да не се сокрие или да не побегне, како и да ги соберат сите известувања што би можеле да бидат од корист за успешно водење на кривична постапка; "

Член 3

Значката на Управата за финансиската полиција е со димензии 5см. во ширина и 6 см. во висина, рељефно изработена од специјална метална легура во златна боја во форма на штит, премачкан со заштитен неоксидирачки лак. Подлогата на значката се состои од три дела:

Во горниот дел рељефно во светло сина боја е впишано: РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, УПРАВА ЗА ФИНАНСИСКА ПОЛИЦИЈА;

Во средишниот дел рељефно е стилизирано знамето на Република Македонија, обиколено со венец од двете страни, меѓу кои рељефно во светло сина боја е впишан четирицифрен регистерски број на службената легитимација;

Во долниот дел полукружно рељефно во светло сина боја е впишано: FINANCIAL POLICE.

Член 4

Носителот на службената легитимација се легитимира пред преземање на службено дејствие и може службената легитимација и значка да ги користи само во вршење на службената должност согласно дадените законски овластувања.

Член 5

Образецот на службената легитимација и формата на значката се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 6

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на службената легитимација и формата на значката на Финансиската полиција („Службен весник на Република Македонија" број 38/2003).

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-35534/2
31 октомври 2008 година
Скопје

Министер за финансии,
д-р **Трајко Славески,** с.р.

ПРИЛОГ

**ОБРАЗЕЦ НА СЛУЖБЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА**

**Предна страна**




**Задна страна**

**НАДЛЕЖНОСТИ НА УПРАВАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОЛИЦИЈА**

**Извадок од член 7 од Законот за финансиска полиција Сл.Весник на РМ 55/07 :**

-Спроведува финансиска контрола, ја следи примената на даночните, царинските и други прописи од областа на финансиите, прибира и анализира податоци за готовински трансакции, презема предистражни и други мерки кога постојат основи на сомнение за сторени кривични дела од областа на организиран финансиски криминал;

-Спроведува постапка за испитување на имот и имотна состојба, врз основа на јавни податоци и регистри што се водат согласно закон;

-Спроведува предистражни мерки да се откријат и обезбедат трагите на кривичното дело и предметите што можат да послужат како доказ, да се пронајде сторителот на кривичното дело, сторителот или соучесникот да не се сокрие или да не побегне, како и да ги соберат сите известувања што би можеле да бидат од корист за успешно водење на кривичната постапка;"

## ФОРМА НА ЗНАЧКА НА УПРАВАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОЛИЦИЈА




---

### МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

**2769.**

Врз основа на член 424 став 1 алинеја 1 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на РМ“ бр.54/07, 86/08 и 98/08), министерот за здравство во согласност со министерот за внатрешни работи, донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА ЗДРАВСТВЕНИТЕ КРИТЕРИУМИ ШТО ЗАДОЛЖИТЕЛНО ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ КАНДИДАТИТЕ ЗА ВОЗАЧИ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат здравствените критериуми што задолжително треба да ги исполнуваат кандидатите за возачи и возачите на моторни возила.

Член 2

Здравствените критериуми се утврдуваат според видот и степенот на здравствената и психофизичката способност (болести, повреди или состојби), како и според категоријата на моторното возило со кое кандидатот за возач и возачот ќе управува односно управува.

Кандидатите за возачи и возачите на моторни возила од категориите: А, Б, Ф, Г и М се сметаат како способни за управување со моторно возило ако немаат некоја од следните болести, повреди или состојби:

а) Психолошки состојби, душевни растројства и растројства во однесувањето и состојби и заболувања на нервниот систем:

1) Психомоторни и сензомоторни растројства кои се манифестираат како позабележително намалена визуелномоторна координација, психомоторна и сензомоторна забавеност;

2) Облици на интелектурална инсуфициенција без оглед на етиологијата, освен ако не влијаат врз безбедното управување со моторно возило;

3) Позабележителни промени на когнитивните функции што се манифестираат како: пречки, намалување или отсуство на внимание и на концентрација и растројства на забележувањето, мислењето и паметењето;

4) Деменции и други органски душевни нарушувања;

5) Душевни растројства и растројства во однесувањето настанати поради употреба на психоактивни супстанци;

6) Шизофренија, шизотипни и налудничави растројства;

7) Растројства во расположението и афектот, што го отежнуваат социјалното и работното функционирање;

8) Невротски растројства од потежок степен пратени со нарушување на концентрацијата, памтењето, однесувањето и психомоторната координација;

9) Растројства на личноста или на однесувањето во зависност од степенот на нарушување на однесувањето, социјалното и работното функционирање;

10) Душевна заостанатост;

11) Траума, воспалителни и васкуларни заболувања на централниот нервен систем со трајни последици, во зависност од степенот на невролошките или психичките нарушувања;

12) Системски атрофии што примарно го зафаќаат централниот нервен систем, екстрапирамидни заболувања и заболувања на движењата, демиелинизирачки болести на централниот нервен систем во зависност од степенот на невролошките испади и текот на болеста;

13) Епилепсија и нејасни настапи на губиток на свест, освен медицински контролирани случаи во кои, без терапија, нападите не се повторуваат најмалку две години;

14) Растројства на спиењето (нарколепсија и катаплексија и психогени растројства на спиењето;

15) Заболувања на нервни корени и нервни плексуси, полиневропатии и други заболувања на периферниот нервен систем кои што го оневозможуваат безбедното управување со моторно возило, а за кои не може да се изврши соодветна адаптација на возилото;

16) Болести на невромускулната спојка и мускулни болести;

17) Хемиплегија, параплегија, тетраплегија и други паралитични синдроми -состојби кои што се стари и долготрајни, од непозната причина, за кои не е можна адаптација на возилото;

18) Малигни и бенигни тумори на централниот нервен систем и на рбетниот мозок во зависност од невролошките или психичките нарушувања;

б) Болести и состојби на органот за вид:

1) Заболувања или состојби на органот за вид кои функцијата на видот ја растројуваат до степен кој може да го доведе во опасност безбедното управување со моторно возило.

2) Острината на видот, корегирана или некорегирана, не смее да биде збирно за двете очи помала од 0,8, со тоа што едното око да има најмалку визус 0,5 и видното поле да биде потполно нормално.

Ако лицето има само едно око, остринатa на видот, корегирана или некорегирана, не смее да биде помала од 0,8 и видното поле да е потполно нормално.

3) Стеснувањето на видното поле да не биде поголемо од 200 (темпорално), а видната острина на двете очи да биде нормална.

в) Болести и состојби на органот за слух и рамнотежа:

1) Заболувања или состојби на органот за слух при кои загубата на слухот на тонална лиминарна аудиометрија не е поголема од 40 децибели за 500, 1000 и 2000 Херци, односно ако утврдиме дека со шепот ги разбираат сите зборови на далечина од 2 метри и

2) Заболувања на вестибуларниот апарат со растројства на рамнотежата.

г) Болести и состојби на срцето и крвните садови:

1) Вродени или стекнати срцеви мани (валвуларни болести) со ежекциона фракција помала од 50%;

2) Исхемична болест на срцето со нестабилна ангина пекторис;

3) Прележан инфаркт на миокардот – во текот на првите 6 месеци и во случаите се ежекциона фракција помала од 50%;

4) Болести на миокардот (миокардити, миокардиопатии со ежекциона фракција помала од 50%;

5) Вентрикуларна екстрасистолија – поединечни вентрикуларни екстрасистоли повеќе од 6/мин. и врзани вентрикуларни екстрасистоли (бигеминија, тригеминија, парови, салви);

6) Хронично белодробно срце;

7) Болести на перикардот (констриктивен перикардит) со ежекциона фракција помала од 50%;

8) Артериска хипертензија со вредности на крвниот притисок повисоки 180/110мм/Hg и покрај редовна терапија и со знаци на висцерализација (очно дно, срце, бубрег);

9) Периферна артериска болест - клинички манифестна со мислење кардиолог и

10) Оперативни зафати на срцето (коронарни садови, валвуларен апарат) и аортата во текот на првите шест месеци.

д) Болести и состојби на респираторниот систем:

1) Хронични белодробни болести со: вентилаторна инсуфициенција од рестрективен тип (кифосколиоза, фиброторакс, интерстицијални болести), опструктивен тип (ХОББ, астма) и комбиниран тип од тежок степен;

2) Хронични белодробни болести со глобална хронична респираторна инсуфициенција;

3) активна туберкулоза;

4) Малигни неоплазми на белите дробови и плеврата до две години после дијагнозата и лекувањето, како и оние со локални и оддалечени метастази;

ѓ) Болести на гастроинтестиналниот и уринарниот систем:

1) Болести на хранопроводот, желудникот, цревата и панкреасот што предизвикуваат малапсортивен синдром со потхранетост поголема од 30% од стандардната телесна тежина;

2) Хронични болести на црниот дроб со знаци на декомпензирана црнодробна инсуфициенција (позитивен лабораторски наод), портална хипентензија, асцитес);

3) Хронички бубрежни болести со знаци на хронична бубрежна инсуфициенција во стадиум на азотемија (покачени вредности на креатинин и уреа), стадиум на клинички манифестна хронична бубрежна инсуфициенција (лабораториски наод, влошување на клиничката слика и промени на кардиоваскуларен систем, гастроинтестинален систем и др.) и

4) Малигни неоплазми со локални и оддалечени метастази.

е) Болести и состојби на ендокриниот систем:

1) Диабетес мелитус комплициран со очни, нервни или кардиоваскуларни растројства и со некомпензирана ацидоза;

2) Хипертиреози од потежок облик, со окулобулбарен синдром или со компликации на кардиоваскуларниот систем;

3) Тешки облици на хипотереоза придружни со бардипсихија и

4) Хипер и хипоаденокортицизам во тешки облици.

ж) Болести и состојби на крвниот систем:

1) Малигни хемопатии и лимфоми, освен ако лекар специјалист – хематолог даде свое мислење дека лицето е способно за безбедно управување со моторно возило;

2) Анемии од било која етиологија со вредност на хемоглобинот пониска од 80 г/л и

3) Хеморагичен синдром – според мислење на хематолог.

з) Болести и состојби на кожата:

1) што можат битно да влијаат врз безбедното управување со моторно возило (тешки облици на невродерматитис, генерализирана, псоријаза, хронични булозни дерматози и сл.).

ѕ) Болести и состојби на коскениот систем и на локомоторниот апарат:

1) Сите состојби, заболувања и повреди на коскеното и мекото ткиво, што предизвикале целосен или делумен недостаток на екстремитетите или одземеност, вкочанетост, атрофија, намалена моторна сила, искривувања, скратувања на екстримитети и слично, а влијаат врз безбедното управување со моторно возило.

Член 3

Кандидатите за возачи и возачите на моторни возила од категориите: Б+Е, Ц, Ц+Е, Д, Д+Е како и категориите А, Б, Ф, Г и М на кои управувањето со моторно

возило им е основно занимање, се сметаат како способни за управување со моторно возило ако покрај критериумите од член 2 од овој правилник немаат и некоја од следните болести, повреди или состојби:

а) Психолошки состојби, душевни растројства и растројства во однесувањето и состојби и заболувања на нервниот систем:

1) Сите облици на намалена интелектуална ефикасност означени како гранични, без оглед на етиологијата;

2) Сите облици на епилепсија и други растројства на свеста;

3) Заболувања, повреди или аномалии на нервите и мускулите кои што го оневозможуваат безбедното управување со моторно возило, без оглед на можната адаптација на возилото;

4) Состојби после потрес на мозокот, до шест месеци после повредата.

5) Хемиплегија, параплегија, и други паралитични синдроми без оглед на можната адаптација на возилото и

6) Заболувања и повреди на рбетниот мозок со трајни последици што оневозможуваат безбедно управување со моторно возило, без оглед на можната адаптација на возилото.

б) Болести и состојби на органот за вид:

1) Острината на видот на секое око посебно со употреба на корекциони стакла, не смее да биде помала од 0,8, односно острината на видот на едното со 1,0, а на другото најмалку 0,6. Таа острина на видот може да се постигне со корекциони стакла (очила или контактни леќи), но не појаки од 0,4 диоптри, а видното поле на двете очи да биде потполно нормално;

2) Стеснувањето на видното поле да не биде поголемо од 200 (во сите меридијани), а острината на видот на двете очи да биде нормална;

3) растројства на колорниот вид: протанопија (црвена боја) и деутеранопија (зелена боја), аномална трихромазија;

4) Амауроза - монокуларна и билатерална;

5) Амблиопија - билатерална, монокуларна;

6) Монокулус;

7) Хиперметропија, миопија, астигматизам-поголеми од ограничувањата наведени во точката 1) по групи;

8) Птоза на горните очни капаци кои достигнуваат до половина на зениците;

9) Лагофталмус;

10) Кератоконус;

11) Катаракта, глауком, јаки заматувања на рожницата, болести на ретина, афакија, болести на хориоидеја, болести на очниот нерв – кои ги компромитираат видните функции над дозволените граници по групи од точката 1);

12) Парализа или пареза на очните мускули (со или без диплопија);

13) Анизометропија поголема од 2,0 диоптри;

14) Анофталмија;

15) Пореметување на адаптација на темно;

16) Пореметување на бинокуларен вид (страбизам, нистагмус).

в) Болести и состојби на органот за рамнотежа и слух

1) Ако острината на слухот е таква да со шепот ги разбираат сите зборови на далечина од 3 метри или ако на тонална лиминарна аудиомертрија не е утврдена поголема загуба на слухот на секое уво посебно од 35 децибели за 500,1000 и 2000 Херци, а 60 децибели за 4000 Херци, без слушен амплификатор.

г) Болести и состојби на срцето и крвните садови:

1) Вродени или стекнати срцеви мани (валвуларни болести ) со ежекциона фракција помала од 60%.

2) Сите болести на кардиоваскуларниот систем што бараат континуирана антикоагулантна терапија (апсолутна аритмија и др.);

3) Прележан инфаркт на мокардот – во текот на првите 6 месеци и во случаите се ежекциона фракција помала од 60%;

4) Болести на миокардот (миокардити, миокардиопатии со ежекциона фракција помала од 60%;

5) Пореметување на спроводливоста на срцето (атриовентрикуларен блок од II и III степен, блок на лева гранка);

6) Имплантиран пејсмејкер;

7) Болести на перикардот (констриктивен перикардит) со ежекциона фракција помала од 60% и

8) Артериска хипертензија со вредности на крвниот притисок повисоки од 160/100мм/Hg и покрај редовна терапија и со знаци на висцеларизација (очно дно, срце, бубрег);

д) Болести и состојби на респираторниот систем:

1) Хронични за белодробни болести со: вентилаторна инсуфициеција од рестрективен тип (кифосколиоза, фаброторакс, интерсицијални болести), опструктивен тип (хронична опструктивна белодробна болест, астма) и комбиниран тип од среден и тежок степен и

2) Хронични белодробни болести со хронична респираторна инсуфициенција (парцијална или глобална).

ѓ) Болести и состојби на гастроинтестиналниот и уринарниот систем:

1) Болести на хранопроводот, желудникот, цревата и панкраесот што предизвикуваат малапсортивен синдром со потрханетост поголема од 20% од стандардната телесна тежина;

2) Хронични болести на црниот дроб со знаци на компензирана и декомпензирана црнодробна инсуфициенција (позитивен лабораторски наод, портална хипертензија, асцитес) и

3) Хронички бубрежни болести со знаци на хронична бубрежна инсуфициенција во стадиум на азотемија (покачени вредности на креатинин и уреа) и умерено развиени симптоми (анемија, покачен крвен притисок).

е) Болести и состојби на ендокриниот систем:

1) Сите облици на диабетес мелитус, освен оние кои можат да се компензираат со диета и со орални антидијабетици, а под услов да се под постојана медицинска контрола;

2) Тешки облици на хипертиреоза и

3) Хипер и хипоаденокортицизам во изразен степен.

ж) Болести и состојби на крвниот систем:

1) Анемии од било која етиологија со вредност на хемоглобинот пониска од 110 г/л и

2) Хеморагичен синдром.

з) Болести и состојби на кожата и поткожното ткиво:

1) Контактен дерматит со дисиминација;

2) Неуродерматит со генерализирани промени;

3) Генерализирана псоријаза и

4) Хронични булозни дерматози

ѕ) Болести и состојби на коскениот систем и локомоторниот апарат:

1) Воспалителни процеси (специфични и неспецифични воспаленија, дегенеративни болести, хроничен остеомиелит, реуматоиден атрит – во поодиманти стадиуми), тумори и

2) Состојби кои доведуваат до намалена функција на горни и долни екстримитети, р`бетен столб, мускулна слабост, хроничен лумбален синдром со неуролошки испади, посттрауматски состојби, заболувања и повреди на р`бетен мозок со последици, прегресивни мускулни заболувања.

Член 4

Кандидатите за возачи и возачите на моторни возила од категориите: А, Б, Ф, Г и М се сметаат како способни за управување со моторно возило и во следните случаи:

1) Ако има само едно око, под услов да поминат 12 меседи од денот на загубата на функцијата на видот;

2) Ако има умерен, тежок и многу тежок губиток на слухот под услов својот недостаток функционално да го компензираат со употреба на слушен амплификатор;.

3) Потполно глувите лица и глувонемите лица со посебна ознака на возилото;

4) Ако боледуваат од дијабетес мелитус и примаат инсулин, под услов да се наоѓаат под постојана медицинска контрола и

5) Ако имаат состојби и заболувања на коскениот систем и заболувања на локомоторниот апарат, здравствената способност се оценува според видот и степенот на пречките, екстримитетот да ја врши потребната функција. Во овие случаи лекарот од соодветна специјалност треба да даде мислење за тоа дали кандидатот за возач, односно возачот е способен да управува со секое или со специјално адаптирано моторно возило.

Кандидатите за возачи и возачите на моторните возила од категориите од член 3 од овој правилник можат да се сметаат како способни за управување со моторни возила и во следните случаи:

1) Ако користењето на контактни леќи им е дозволено само со посебна согласност од лекар специјалист за очни болести и

2) Ако остримата на слухот наведена во член 3 точка в) од овој правилник ја постигнува со употреба на слушен амплификатор.

Член 5

Ако на здравствениот преглед се утврди дека кандидатот за возач или возачот на моторно возило боледува од една од болестите или има една од повредите или состојбите наведени во овој правилник, се оценува како неспособен за управување со моторно возило ако:

„87829 Акумулирана амортизација”
„87859 Акумулирана амортизација”
„87879 Акумулирана амортизација”.

100. Описот на сметката 85 се менува и гласи: „Деривати во денари и во денари со валутна клаузула (објективна вредност)”.

101. По сметката 8529, се додаваат нови сметки коишто гласат:

„853 Деривати во денари со валутна клаузула чувани за тргување
8530 Договори зависни од промената на каматната стапка
8531 Договори зависни од промената на курсот
8532 Договори зависни од промената на цената на хартиите од вредност
8539 Други договори
854 Вградени деривати во денари со валутна клаузула
8540 Договори зависни од промената на каматната стапка
8541 Договори зависни од промената на курсот
8542 Договори зависни од промената на цената на хартиите од вредност
8549 Други договори
855 Деривати во денари со валутна клаузула чувани за управување со ризик
8550 Договори зависни од промената на каматната стапка
8551 Договори зависни од промената на курсот
8552 Договори зависни од промената на цената на хартиите од вредност
8559 Други договори”.

102. Во сметките 86000, 86010, 86100, 86110, 86120, 8620, 86500, 86510, 86520, 86530, 86540, 86550, 86800, 86810, 86820 и 868520 описот се менува и гласи: „По видување и преку ноќ”.

103. По сметката 8670, се додава нова сметка којашто гласи:

„86700 По видување”.

104. По сметката 8671, се додава нова сметка којашто гласи:

„86710 По видување”.

105. По сметката 8685, сметките: 868520, 868521, 868522, 868523, 868524, 868525 и 868526 се менуваат во сметки: 86850, 86851, 86852, 86853, 86854, 86855 и 86856, соодветно. Описот на сметките останува непроменет.

106. По сметката 8687, се додава нова сметка којашто гласи:

„86870 По видување”.

107. Сметките 91007, 91017 и 91027, како и сметките во рамки на сметките 91007, 91017 и 91027 се бришат.

108. Сметката 910181 се брише.

109. Сметката 910281 се брише.

110. Во сметките 9904, 9914, 9954, 9964 описот се менува и гласи: „Неискористени одобрени кредитни лимити на банката”.

111. Во сметките 9906, 9916, 9956, 9966 описот се менува и гласи: „Средства на банката дадени во депо”.

112. По сметката 99086, се додава нова сметка којашто гласи:

„99087 Побарувања врз основа на хартии од вредност во сопственост на нерезидент, на коишто е вкнижена забрана за располагање”.

113. Описот на сметката 992 се менува и гласи: „Примени средства и други вредности во депо, должи”.

114. Описот на сметката 9930 се менува и гласи: „Издадени непокриени гаранции”.

115. По сметката 993018, се додаваат следниве сметки:

„99302 во денари со валутна клаузула
993020 Нефинансиски друштва
993021 Држава
993022 Непрофитни институции кои им служат на домаќинствата
993025 Финансиски друштва
993027 Домаќинства
993028 Нерезиденти”.

116. Описот на сметката 9931 се менува и гласи: „Издадени покриени гаранции”.

117. По сметката 993118 се додаваат следниве сметки:

„99312 во денари со валутна клаузула
993120 Нефинансиски друштва
993121 Држава
993122 Непрофитни институции кои им служат на домаќинствата
993125 Финансиски друштва
993127 Домаќинства
993128 Нерезиденти”.

118. По сметката 993218 се додаваат следниве сметки:

„99322 во денари со валутна клаузула
993220 Нефинансиски друштва
993221 Држава
993222 Непрофитни институции кои им служат на домаќинствата
993225 Финансиски друштва
993227 Домаќинства
993228 Нерезиденти”.

119. По сметката 993318 се додаваат следниве сметки:

„99332 во денари со валутна клаузула
993320 Нефинансиски друштва
993321 Држава
993322 Непрофитни институции кои им служат на домаќинствата
993325 Финансиски друштва
993327 Домаќинства
993328 Нерезиденти”.

120. По сметката 993418 се додаваат следниве сметки:

„99342 во денари со валутна клаузула
993420 Нефинансиски друштва
993421 Држава
993422 Непрофитни институции кои им служат на домаќинствата
993425 Финансиски друштва
993427 Домаќинства
993428 Нерезиденти”.

121. По сметката 993518 се додаваат следниве сметки:

„99352 во денари со валутна клаузула
993520 Нефинансиски друштва
993521 Држава
993522 Непрофитни институции кои им служат на домаќинствата

993525 Финансиски друштва
993527 Домаќинства
993528 Нерезиденти".

122. По сметката 993618 се додаваат следниве сметки:

„99362 во денари со валутна клаузула
993620 Нефинансиски друштва
993621 Држава
993622 Непрофитни институции кои им служат на домаќинствата
993625 Финансиски друштва
993627 Домаќинства
993628 Нерезиденти".

123. По новата сметка 993628, се воведуваат нови сметки за акредитиви, и тоа:

„9937 Непокриени акредитиви
99370 во денари
993700 Нефинансиски друштва
993701 Држава
993702 Непрофитни институции кои им служат на домаќинствата
993705 Финансиски друштва
993707 Домаќинства
993708 Нерезиденти
99371 во странска валута
993710 Нефинансиски друштва
993711 Држава
993712 Непрофитни институции кои им служат на домаќинствата
993715 Финансиски друштва
993717 Домаќинства
993718 Нерезиденти
99372 во денари со валутна клаузула
993720 Нефинансиски друштва
993721 Држава
993722 Непрофитни институции кои им служат на домаќинствата
993725 Финансиски друштва
993727 Домаќинства
993728 Нерезиденти
9938 Покриени акредитиви
99380 во денари
993800 Нефинансиски друштва
993801 Држава
993802 Непрофитни институции кои им служат на домаќинствата
993805 Финансиски друштва
993807 Домаќинства
993808 Нерезиденти
99381 во странска валута
993810 Нефинансиски друштва
993811 Држава
993812 Непрофитни институции кои им служат на домаќинствата
993815 Финансиски друштва
993817 Домаќинства
993818 Нерезиденти
99382 во денари со валутна клаузула
993820 Нефинансиски друштва
993821 Држава
993822 Непрофитни институции кои им служат на домаќинствата
993825 Финансиски друштва
993827 Домаќинства
993828 Нерезиденти".

124. По сметката 993918 се додаваат следниве сметки:

„99392 во денари со валутна клаузула
993920 Нефинансиски друштва
993921 Држава
993922 Непрофитни институции кои им служат на домаќинствата
993925 Финансиски друштва
993927 Домаќинства
993928 Нерезиденти".

125. По сметката 99586 се додава нова сметка која што гласи:

„99587 Обврски врз основа на хартии од вредност во сопственост на нерезидент, на кои е вкнижена забрана за располагање".

126. Описот на сметката 997 се менува и гласи: „Примени средства и други вредности во депо, побарува".

127. Описот на сметката 9980 се менува и гласи: „Издадени непокриени гаранции".

128. По сметката 998018 се додаваат следниве сметки:

„99802 во денари со валутна клаузула
998020 Нефинансиски друштва
998021 Држава
998022 Непрофитни институции кои им служат на домаќинствата
998025 Финансиски друштва
998027 Домаќинства
998028 Нерезиденти".

129. Описот на сметката 9981 се менува и гласи: „Издадени покриени гаранции".

130. По сметката 998118 се додаваат следниве сметки:

„99812 во денари со валутна клаузула
998120 Нефинансиски друштва
998121 Држава
998122 Непрофитни институции кои им служат на домаќинствата
998125 Финансиски друштва
998127 Домаќинства
998128 Нерезиденти".

131. По сметката 998218 се додаваат следниве сметки:

„99822 во денари со валутна клаузула
998220 Нефинансиски друштва
998221 Држава
998222 Непрофитни институции кои им служат на домаќинствата
998225 Финансиски друштва
998227 Домаќинства
998228 Нерезиденти".

132. По сметката 998318 се додаваат следниве сметки:

„99832 во денари со валутна клаузула
998320 Нефинансиски друштва
998321 Држава
998322 Непрофитни институции кои им служат на домаќинствата
998325 Финансиски друштва
998327 Домаќинства
998328 Нерезиденти".

133. По сметката 998418 се додаваат следниве сметки:

„99842 во денари со валутна клаузула
998420 Нефинансиски друштва

998421 Држава
998422 Непрофитни институции кои им служат на домаќинствата
998425 Финансиски друштва
998427 Домаќинства
998428 Нерезиденти".

134. По сметката 998518 се додаваат следниве сметки:

„99852 во денари со валутна клаузула
998520 Нефинансиски друштва
998521 Држава
998522 Непрофитни институции кои им служат на домаќинствата
998525 Финансиски друштва
998527 Домаќинства
998528 Нерезиденти".

135. По новата сметка 998528 се додаваат следниве сметки:

„9986 Неискористени лимити на кредитните картички
99860 во денари
998600 Нефинансиски друштва
998601 Држава
998602 Непрофитни институции кои им служат на домаќинствата
998605 Финансиски друштва
998607 Домаќинства
998608 Нерезиденти
99861 во странска валута
998610 Нефинансиски друштва
998611 Држава
998612 Непрофитни институции кои им служат на домаќинствата
998615 Финансиски друштва
998617 Домаќинства
998618 Нерезиденти
99862 во денари со валутна клаузула
998620 Нефинансиски друштва
998621 Држава
998622 Непрофитни институции кои им служат на домаќинствата
998625 Финансиски друштва
998627 Домаќинства
998628 Нерезиденти".

136. По новата сметка 998628 се воведуваат нови сметки коишто гласат:

„9987 Непокриени акредитиви
99870 во денари
998700 Нефинансиски друштва
998701 Држава
998702 Непрофитни институции кои им служат на домаќинствата
998705 Финансиски друштва
998707 Домаќинства
998708 Нерезиденти
99871 во странска валута
998710 Нефинансиски друштва
998711 Држава
998712 Непрофитни институции кои им служат на домаќинствата
998715 Финансиски друштва
998717 Домаќинства
998718 Нерезиденти
99872 во денари со валутна клаузула
998720 Нефинансиски друштва
998721 Држава
998722 Непрофитни институции кои им служат на домаќинствата
998725 Финансиски друштва
998727 Домаќинства
998728 Нерезиденти".

137. Сметката 9988 и сметките во рамки на сметката 9988 се менуваат и гласат:

„9988 Покриени акредитиви
99880 во денари
998800 Нефинансиски друштва
998801 Држава
998802 Непрофитни институции кои им служат на домаќинствата
998805 Финансиски друштва
998807 Домаќинства
998808 Нерезиденти
99881 во странска валута
998810 Нефинансиски друштва
998811 Држава
998812 Непрофитни институции кои им служат на домаќинствата
998815 Финансиски друштва
998817 Домаќинства
998818 Нерезиденти
99882 во денари со валутна клаузула
998820 Нефинансиски друштва
998821 Држава
998822 Непрофитни институции кои им служат на домаќинствата
998825 Финансиски друштва
998827 Домаќинства
998828 Нерезиденти".

138. По сметката 998918 се додаваат нови сметки коишто гласат:

„99892 во денари со валутна клаузула
998920 Нефинансиски друштва
998921 Држава
998922 Непрофитни институции кои им служат на домаќинствата
998925 Финансиски друштва
998927 Домаќинства
998928 Нерезиденти".

III. Во прилогот 2 на Одлуката, се вршат следниве измени и дополнувања:

139. Во глава II.4 точка 13 став 6, по зборот „припаѓаат" се додава: „друштвата за управување со пензиските фондови".

IV. Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 01.01.2009 година.

О.бр. 02-15/XII-1/2008
30 октомври 2008 година
Скопје

Претседател на Советот на Народна банка на Република Македонија,
Гувернер,
м-р **Петар Гошев,** с.р.

---

**2772.**

Врз основа на член 64 точка 22 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 3/2002, 51/2003, 85/2003, 40/2004, 61/2005 и 129/2006), член 57 став 2 и став 3 и член 59 став 5 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/2007), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТИ

I. Во Одлуката за издавање согласности („Службен весник на Република Македонија" бр. 91/2007 и 134/2007), се вршат следните измени и дополнувања:

1. Во глава IV, точка 16, ставот 2 се брише.

2. Во глава V, точка 20, ставот 3 се брише.

3. Во образец 1, точката 4 се брише, а точките 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16 и 17 стануваат точки 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15 и 16.

4. Во образец 2, точката 4 се брише, а точките 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14 и 15 стануваат точки 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13 и 14.

5. Во образец 3, точката 4 се брише, а точките 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16 и 17 стануваат точки 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15 и 16.

6. Во образец 4, точката 8 се менува и гласи:

„Дали на лицето кое остварува контрола во правното лице му била изречена прекршочна санкција, односно казна забрана за вршење професија, дејност или должност? Ако била изречена ваква санкција, односно забрана, наведете ги сите детали."

Во образец 4, потточката 9.1 се брише.

II. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

О.бр. 02-15/XII-2/2008
30 октомври 2008 година
Скопје

Претседател на Советот
на Народна банка на
Република Македонија,
Гувернер,
м-р **Петар Гошев,** с.р.

---

**2773.**

Врз основа на член 64 точка 22 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 3/2002, 51/2003, 85/2003, 40/2004, 61/2005 и 129/2006), член 17 став 5 и член 22 став 2 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/2007), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ ДОЗВОЛИ НА БАНКА

I. Во Одлуката за издавање дозволи на банка („Службен весник на Република Македонија" бр. 91/2007 и 134/2007), се вршат следните измени и дополнувања:

1. Во глава II точка 2.6 потточка а) алинеја 6 се бришат зборовите: „потврда од надлежна институција за редовно плаќање на јавните давачки и".

2. Во глава II точка 2.6 потточка б) алинеја 5 се бришат зборовите: „потврда од надлежна институција за редовно плаќање на јавните давачки и".

3. Во образец 2, точката 8 се менува и гласи:

„Дали на лицето кое остварува контрола во правното лице му била изречена прекршочна санкција, односно казна забрана за вршење професија, дејност или должност? Ако била изречена ваква санкција, односно забрана, наведете ги сите детали."

4. Во образец 2, потточката 9.1 се брише.

5. Во образец 3, точката 4 се брише, а точките 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16 стануваат точки 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15.

II. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

О.бр. 02-15/XII-3/2008
30 октомври 2008 година
Скопје

Претседател на Советот
на Народна банка на
Република Македонија,
Гувернер,
м-р **Петар Гошев,** с.р.

**2774.**

Врз основа на член 64 точка 22 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 3/02, 51/03, 85/03, 40/04, 61/05 и 129/06) и член 24 став 3 од Законот за девизно работење („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/01, 49/01, 103/01, 51/03 и 81/08), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА ОТВОРАЊЕ И ВОДЕЊЕ НА СМЕТКИ НА НЕРЕЗИДЕНТИ

I. Во Одлуката за начинот и условите за отворање и водење на сметки на нерезиденти („Службен весник на Република Македонија" бр. 41/2007, 105/2007 и 78/2008), се вршат следните изменувања и дополнувања:

1. Во глава III точка 10 став 4, реченицата: "Овие средства нерезидентите можат да ги уплатат на своите сметки во рок од 30 дена од денот на повлекувањето", се брише.

2. Во глава III точка 11 алинеја 3 се менува и гласи:

"- непотрошените ефективни денари претходно повлечени од неговите сметки."

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

О.бр. 02-15/XII-4/2008
30 октомври 2008 година
Скопје

Претседател на Советот
на Народна банка на
Република Македонија,
Гувернер,
м-р **Петар Гошев,** с.р.

---

**2775.**

Врз основа на член 64 став 1 точка 22 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 3/02, 51/03, 85/03, 40/04, 61/05 и 129/06), а во врска со член 266-а став 1 и 6 од Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија", бр. 18/01, 04/02, 05/03 и 84/08), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

## О Д Л У К А
## ЗА РЕФЕРЕНТНА КАМАТНА СТАПКА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА СТАПКАТА НА КАЗНЕНА КАМАТА

1. Со оваа одлука, Народната банка на Република Македонија (во понатамошниот текст: Народната банка) го регулира начинот на утврдување и објавување на референтната каматна стапка за пресметување на стапката на казнена камата.

2. Референтната каматна стапка за пресметување на стапката на казнена камата за одредено полугодие е каматната стапка на основниот инструмент од операциите на отворен пазар - благајнички записи на Народната банка, којашто е постигната на последната аукција во претходното полугодие.

При аукција со примена на тендер со износи, кога износот и каматната стапка на аукцијата се утврдени од страна на Народната банка, а банките аукцираат само со износи, референтната каматна стапка за пресметување на стапката на казнена камата е еднаква на каматната стапка утврдена од страна на Народната банка.

При аукција со примена на тендер со каматни стапки, кога Народната банка го утврдува само износот на аукцијата, а банките аукцираат и со износи и со каматни

стапки, референтната каматна стапка за пресметување на стапката на казнена камата е еднаква на просечната пондерирана каматна стапка постигната на аукцијата.

3. Гувернерот на Народната банка ја објавува референтната каматна стапка за пресметување на стапката на казнена камата во „Службен весник на Република Македонија”.

4. Оваа одлука влегува во сила во рок од осум дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе се применува од 01.01.2009 година.

О.бр. 02-15/XII-5/2008
30 октомври 2008 година
Скопје

Претседател на Советот
на Народна банка на
Република Македонија,
Гувернер,
м-р **Петар Гошев,** с.р.

---

**2776.**

Врз основа на член 64 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 3/02, 51/03, 85/03, 40/04 , 61/05 и 129/06), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПУШТАЊЕ ВО ОПТЕК КОВАНИ ПАРИ ВО АПОЕНИ ОД 10 И 50 ДЕНАРИ

1. Се пуштаат во оптек ковани пари во апоени од 10 и 50 денари со ознака на ковање „2008” и со белези утврдени во Одлуката за основните белези на кованите пари од 10 и 50 денари („Службен весник на Република Македонија” бр.54/07), почнувајќи од 15.11.2008 година.

2. Со пуштање во оптек на кованите пари од точка 1 на оваа одлука во готовинскиот платен промет на Република Македонија во важност ќе бидат, паралелно и банкнотите во апоени од 10 и 50 денари издадени според Одлуката за издавање, апоенска структура и основни белези на книжни пари („Службен весник на Република Македонија” бр.45/96) и Одлуката за издавање банкноти во апоени од 10, 50 и 100 денари со изменети белези („Службен весник на Република Македонија” бр.4/01).

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

О.бр. 02-15/XII-6/2008
30 октомври 2008 година
Скопје

Претседател на Советот
на Народна банка на
Република Македонија,
Гувернер,
м-р **Петар Гошев,** с.р.

---

**2777.**

Врз основа на член 64 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 3/02, 51/03, 85/03, 40/04, 61/05 и 129/06), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗДАВАЊЕ БАНКНОТИ ВО АПОЕНИ ОД 100, 500 И 1000 ДЕНАРИ

1. Се одобрува издавање банкноти во апоени од 100, 500 и 1000 денари.

2. Банкнотата во апоен од 100 денари ќе се издаде во тираж од 10 милиони парчиња и ќе ги има истите белези опишани во одлуката за издавање, апоенска структура и основни белези на книжни пари („Службен весник на Република Македонија” бр. 45/96), Одлуката за издавање книжни пари во апоен од 100 денари („Службен весник на Република Македонија” бр. 16/00) и Одлуката за издавање на банкноти во апоени од 10, 50 и 100 денари со изменети белези („Службен весник на Република Македонија” бр. 4/01), освен тоа што на лицето на банкнотата зборовите „јануари 2001” се заменуваат со зборовите „јануари 2009”.

3. Банкнотата во апоен од 500 денари ќе се издаде во тираж од 15 милиони парчиња и ќе ги има истите белези опишани во одлуката за издавање, апоенска структура и основни белези на книжни пари („Службен весник на Република Македонија” бр. 45/96) и Одлуката за издавање и печатење банкноти во апоени од 500 и 1000 денари со изменети белези („Службен весник на Република Македонија” бр. 46/03), освен тоа што на лицето на банкнотата зборовите „јануари 2003” се заменуваат со зборовите „јануари 2009”.

4. Банкнотата во апоен од 1000 денари ќе се издаде во тираж од 15 милиони парчиња и ќе ги има истите белези опишани во одлуката за издавање, апоенска структура и основни белези на книжни пари („Службен весник на Република Македонија” бр. 45/96) и Одлуката за издавање и печатење банкноти во апоени од 500 и 1000 денари со изменети белези („Службен весник на Република Македонија” бр. 46/03), освен тоа што на лицето на банкнотата зборовите „јануари 2003” се заменуваат со зборовите „јануари 2009”.

5. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија”.

О.бр. 02-15/XII-7/2008
30 октомври 2008 година
Скопје

Претседател на Советот
на Народна банка на
Република Македонија,
Гувернер,
м-р **Петар Гошев,** с.р.

---

**2778.**

Врз основа на член 64 точка 22 од Законот за Народната банка на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр. 3/02, 51/03, 85/03, 40/04, 61/05 и 129/06), Советот на Народната банка на Република Македонија изврши

## И С П Р А В К А
## НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА ОТВОРАЊЕ И ВОДЕЊЕ НА СМЕТКИ НА НЕРЕЗИДЕНТИ

1. Во одлуката за измени и дополнувања на Одлуката за начинот и условите за отворање и водење на сметки на нерезиденти („Службен весник на Република Македонија” бр. 78/2008), се врши следната исправка:
- во точка 4, наместо зборовите: “став 3” треба да стојат зборовите: “став 4”.

2. Оваа исправка ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија”.

И.бр. 02-15/XII-1/2008
30 октомври 2008 година
Скопје

Претседател на Советот
на Народна банка на
Република Македонија,
Гувернер,
м-р **Петар Гошев,** с.р.

---

## ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**2779.**

Врз основа на член 163, став 1, точка 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на РМ“ бр. 80/93, 3/94, 14/95, 71/96, 32/97, 24/2000, 96/2000, 50/2001, 85/2003, 50/2004, 4/2005, 101/2005, 70/2006 и 153/2007), а во врска со член 139 од истиот Закон, Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 3 ноември 2008 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА, СОСТАВОТ И НАЧИНОТ НА РАБОТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ОЦЕНА НА РАБОТНАТА СПОСОБНОСТ

Член 1

Во Правилникот за организацијата, составот и начинот на работа на Комисијата за оцена на работната способност („Службен весник на Република Македонија“ број 88/2004 година, во член 6, по ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Референтот од ставот два, врши контрола на сите пристигнати предмети за оцена на работна способност, дали се комплетирани со потребната работна документација. Доколку по извршениот увид установи дека работната документација не е комплетна, референтот е должен веднаш да ја извести странката писмено, во рок од 15 дена да ја достави бараната документација. Ако подносителот на барањето не ја достави бараната документација во предвидениот рок, предметот се враќа во подрачната единица на Стручната служба на Фондот, заради запирање на постапката.

Ставовите 3 и 4 стануваат став 4 и став 5“.

Член 2

По членот 9 се додава нов член 9-а кој гласи:

„Раководителот на Одделението за оцена на работна способност, има право да врши контрола на донесените наоди, оцена и мислење.

Доколку раководителот не се сложува со донесениот наод, оцена и мислење, има право со претходно образложение да го врати предметот во соодветната комисија на повторна оценка.

Во случај кога постојат несогласувања од членовите на соодветната комисија на наодот, предметот ќе се вештачи на ниво на претседавачи на инвалидските комисии, а по потреба и на ниво на одделение“.

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на РМ“.

Бр. 02-7303/1 Управен одбор
03 ноември 2008 година Претседател,
Скопје **Ангел Максимов**, с.р.

---

## КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

**2780.**

Врз основа на член 20 став (1) точка 2) во врска со член 20 став (2), член 23 став (1) и член 26 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.04/05, 70/06 и 22/07) и член 205 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/05 и 110/08), постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од претпријатието Дојче Телеком АГ (Deutsche Telekom AG), преку застапник Адвокатско друштво Поленак, Комисијата за заштита на конкуренцијата на седница одржана на ден 16.10.2008 година, го донесе следното

### Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата помеѓу претпријатијата Дојче Телеком АГ (Deutsche Telekom AG), со седиште на Фридрих-Еберт-Алее 140 (Friedrich-Ebert-Allee 140), 53113 Бон, Сојузна Република Германија и Грчка Телекомуникациска Организација С.А. (OTE S.A.), со седиште на Маруси од Атика, 99 Кифисиас Авенија, Република Грција, по основ на купопродажба на акции, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата.

2. Се наложува Дојче Телеком АГ да ги исполни „Обврските спрема Комисијата за заштита на конкуренцијата согласно со одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата во врска со предложеното стекнување на директна контрола врз ОТЕ С.А. од страна на Дојче Телеком АГ“, доставени со допис бр. 07-342/20 од 09.10.2008 година, а со цел да се постигне дека концентрацијата е во согласност со одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата.

3. Точка 1 од ова решение се применува под услов Обврските од точка 2 од ова решение да бидат исполнети во целост, на начин и во роковите утврдени во Обврските.

4. Неисполнувањето на некој услов или обврска од ова решение, претставува прекршок согласно член 47 став (1) точка 7) од Законот за заштита на конкуренцијата.

5. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30 000,оо ден., по тарифен број 28-а од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04 и 95/05) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 84018203161, приходна шифра и програма 72231300.

Бр. 07-342/21
16 октомври 2008 година Претседател,
Скопје **Чедомир Краљевски**, с.р.

---

**2781.**

Врз основа на член 20 став (1) точка 2) и член 26 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.04/05, 70/06 и 22/07) и член 205 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/05), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Fiction Production Holding B.V., со регистрирана трговска марка ALL OVER CABLE, со седиште на Amsteldijk 166, 1079 LH Amsterdam, Холандија, преку полномошник адвокат Дејан Станковски од Скопје, Комисијата за заштита на конкуренцијата на седница одржана на ден 16.10.2008 година, го донесе следното

### Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата помеѓу Fiction Production Holding B.V., со регистрирана трговска марка ALL OVER CABLE, со седиште на Amsteldijk 166, 1079 LH Amsterdam, Холандија и КЕЈБЛТЕЛ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Трета Македонска Бригада бб Скопје, Република Македонија, преку стекнување на 100% од уделите во КЕЈБЛТЕЛ ДООЕЛ Скопје од страна на Fiction Production Holding B.V., иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот.

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 28-а од Законот за административни такси („Службен весник на РМ“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04 и 95/05) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 84017903161, приходна шифра и програма 72231300.

Бр. 07-350/4
16 октомври 2008 година
Скопје

Претседател,
**Чедомир Краљевски**, с.р.

---

**2782.**

Врз основа на член 20 став (1) точка 2) и член 26 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр.04/05, 70/06 и 22/07) и член 205 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија„ бр.38/05), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Аустриан Гаминг Индустриес ГмбХ (Austrian Gaming industries GmbH), со седиште на Винер штр. 158 2352 Гумполдскирхен, Австрија, преку полномошник Адвокатско Друштво КНЕЗОВОК И СОРАБОТНИЦИ со адреса на Ул. Вељко Влаховиќ бр. 4-2/3, 1000 Скопје, Република Македонија, Комисијата за заштита на конкуренцијата на седница одржана на ден 16.10.2008 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата помеѓу Аустриан Гаминг Индустриес ГмбХ (Austrian Gaming industries GmbH), со седиште на Винер штр. 158 2352 Гумполдскирхен, Австрија и Друштвото за туризам, угостителство и услуги МАСТЕРБЕТ ДООЕЛ Скопје, со седиште на Булевар 3-та Македонска Бригада бр. Бб 3-ти кат Скопје, по основ на стекнување на удел во висина од 60% од страна на Аустриан Гаминг Индустриес ГмбХ во основниот капитал на МАСТЕРБЕТ ДООЕЛ Скопје, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот.

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 28-а од Законот за административни такси („Службен Весник на РМ“„бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04 и 95/05) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840…03161, приходна шифра и програма 72231300.

Бр. 07-358/4
16 октомври 2008 година
Скопје

Претседател,
**Чедомир Краљевски**, с.р.

---

**2783.**

Врз основа на член 20 став 1 точка 2 и член 26 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 04/05, 70/06 и 22/07) и член 205 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/05), постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од претпријатието Порше аутомобил холдинг СЕ, преку полномошник Адвокатско друштво Поленак, Комисијата за заштита на конкуренцијата на седница одржана на ден 16.10.2008 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата помеѓу претпријатијата Порше аутомобил холдинг СЕ со седиште на Поршеплац 1, Д-70435 Штутгарт, Сојузна Република Германија и Фолксваген АГ, со седиште на Берлинер Ринг 2, 38440 Волфсбург, Сојузна Република Германија, по основ на купопродажба на акции, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот.

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30 000,оо ден., по тарифен број 28-а од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04 и 95/05) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 84017903161, приходна шифра и програма 72231300.

Бр. 07-359/4
16 октомври 2008 година
Скопје

Претседател,
**Чедомир Краљевски**, с.р.

---

**2784.**

Врз основа на член 20 став (1) точка 2) и член 26 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 04/05, 70/06 и 22/07) и член 205 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/05), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од КЕЈБЛТЕЛ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Трета Македонска Бригада бб Скопје, преку Стојан Ѓоргоски од Охрид – оперативен директор на КЕЈБЛТЕЛ ДООЕЛ Скопје, Комисијата за заштита на конкуренцијата на седница одржана на ден 16.10.2008 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата помеѓу КЕЈБЛТЕЛ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Трета Македонска Бригада бб Скопје и М и М ЗУМ ЕЛЕКТРОНИК ДООЕЛ Куманово, со седиште на Ул. Љубица Михајловиќ бр. 22 Куманово, преку стекнување на дел од имотот на М и М ЗУМ ЕЛЕКТРОНИК ДООЕЛ Куманово, од страна на КЕЈБЛТЕЛ ДООЕЛ Скопје, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот.

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 28-а од Законот за административни такси („Службен весник на РМ“ бр. 17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04 и 95/05) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 84017903161, приходна шифра и програма 72231300.

Бр. 07-380/3
16 октомври 2008 година
Скопје

Претседател,
**Чедомир Краљевски**, с.р.

# ИЗДАНИЈА НА ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ

| Р.бр | ОПИС | Цена во денари |
|---|---|---|
| 1. | **Устав на Република Македонија** *(со сите амандмани од I - XXX) на македонски и на англиски јазик (во една книга), голем формат, 2007* | 200,00 |
| 2. | **Устав на Република Македонија** *(со сите амандмани од I - XXX) на македонски јазик, мал формат, 2007* | 150,00 |
| 3. | **Спорот за името меѓу Македонија и Грција** *Д-р. Светомир Шкариќ* | 800,00 |
| 4. | **Кривичен законик** *Акад. Владо Камбовски - Интегрален текст - Предговор, кратки објаснувања и Регистар на поими, 2008* | 650,00 |
| 5. | **Закон за кривична постапка** *(редакциски пречистен текст), 2008* | 450,00 |
| 6. | **Закон за парнична постапка** *(издание 2008)* | 350,00 |
| 7. | **Закон за извршување** *(редакциски пречистен текст), 2008* | 300,00 |
| 8. | **Закон за катастар на недвижности** *(издание 2008)* | 200,00 |
| 9. | **Закон за работните односи** *(редакциски пречистен текст), 2008* | 300,00 |
| 10. | **Закон за обезбедување на побарувањата Закон за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити** *(со подзаконски акти) (редакциска збирка), 2007* | 200,00 |
| 11. | **Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата** *(редакциска збирка), 2007* | 400,00 |
| 12. | **Закон за нотаријатот** *(издание 2007)* | 250,00 |
| 13. | **Закон за банките** *(издание 2007)* | 300,00 |
| 14. | **Закон за заштита од бучава во животната средина** *(издание 2007)* | 100,00 |
| 15. | **Закон за Државното правобранителство** *(издание 2007)* | 50,00 |
| 16. | **Закон за управните спорови** *(издание 2007)* | 80,00 |
| 17. | **Закон за сопственост и други стварни права** *(издание 2007)* | 150,00 |
| 18. | **Збирка на прописи од областа на земјоделството** *(редакциска збирка), 2007* | 500,00 |
| 19. | **Закон за ветеринарно јавно здравство Закон за ветеринарно здравство Закон за заштита и благосостојба на животните** *(редакциска збирка), 2007* | 400,00 |
| 20. | **Закон за прекршоците Закон за прекршоците против јавниот ред и мир** *(редакциска збирка), 2007* | 150,00 |
| 21. | **Закон за минералните суровини** *(издание 2007)* | 120,00 |

| Р.бр | ОПИС | Цена во денари |
|---|---|---|
| 22. | **Закон за пензиското и инвалидското осигурување** *Станка Трајкова и Олгица Костова (со коментар и прилози), 2006 г.* | 700,00 |
| 23. | **Изборен законик** *(издание 2006)* | 300,00 |
| 24. | **Закон за стечај** *Д-р Кирил Чавдар (со објаснувања, судска практика и предметен регистар), 2006* | 600,00 |
| 25. | ***Збирка на прописи од областа на судството*** *(Законите за: судовите; Судскиот совет на РМ; судскиот буџет (редакциски пречистен текст); Академија за обука на судии и јавни обвинители), 2006* | 400,00 |
| 26. | **Закон за трговските друштва** *со вовед, 2004* | 400,00 |
| 27. | **Закон за општата управна постапка** *Проф. д-р Симеон Гелевски, 2005 (со коментар)* | 400,00 |
| 28. | **Збирки на прописи од областа на локалната самоуправа,** *2004* | |
| а) | **I книга –** *(Законите за: локална самоуправа; територијална организација на локалната самоуправа; за градот Скопје; финансирањето на единиците на локалната самоуправа и Законот за локалните избори – редакциски пречистен текст)* | 280,00 |
| б) | **II книга –** *(Законите за: комуналните такси; даноци на имот; угостителска дејност; туристичка дејност и Законот за вршење занаетчиска дејност)* | 210,00 |
| в) | **III книга –** *(Редакциски пречистени текстови на законите за: основното образование; средното образование; заштита на децата и Законот за социјална заштита)* | 245,00 |
| г) | **IV книга –** *(Закон за управување со отпадот; Закон за квалитетот на амбиентниот воздух; Закон за заштита на природата)* | 245,00 |
| д) | **Комплет од четирите книги - Збирки на законите од областа на локалната самоуправа, 2004** | 840,00 |
| 29. | **Збирка на прописи** (редакциска) *- Закон за градење; - Закон за просторно и урбанистичко планирање; - Закон за животната средина. (2005)* | 210,00 |
| 30. | **Збирка на меѓународни конвенции од областа на кривичното право,** *2000* | 80,00 |
| 31. | **Закон за спречување на корупцијата** *со закони за ратификација на конвенции Д-р Јован Проевски (со објаснувања), 2002* | 80,00 |
| 32. | **Закон за денационализација** *Д-р Стефан Георгиевски, 2000 (со коментар, објаснувања и обрасци)* | 160,00 |
| 33. | **Поединечни CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003, 2004, 2005 и DVD за 2006 година** | 600,00 |
| 34. | **Комплет CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003, 2004, 2005 и DVD за 2006 година** | 3.400,00 |
| 35. | **Регистар на прописи на РМ** | 3.700,00 |

## П О Р А Ч К А БР. 139

**Со ова неотповикливо го порачувам изданието под реден број: ______________________ во __________ примероци.**

**Доказот за извршена уплата на жиро с-ка 300000000188798 и порачката ги испраќаме по пошта на адреса бул. „Партизански одреди“ бр. 29, п. фах 51, 1000, Скопје, или на телефакс број + 389-2-311-22-67.**

**Порачател: ______________________________________ Место: ______________________**

**ул. __________________________ бр. ____________________, тел./факс ___________________**

**Потпис на порачателот**

**Во __________, ________2008 година. (М.П.) ____________________**

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефони: +389-2-3298-860, 3290-471, 3290-449.
Телефакс: +389-2-3112-267.

Претплатата за 2008 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2008139